**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Второто продолжение на Четириесет и петтата седницана Собранието на Република Македонија, одржана на 11 декември 2003 година**

Седницата се одржа во салата за седници во Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,00 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше претседателот на Сабранието господин Љупчо Јордановски.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ги молам пратениците да влезат во салата да започнеме со работа.

Продолжуваме со работа по 45-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Ангелка Пеева-Лауренчич, Андреј Жерновски, Славица Грковска, СашоДохчев, Трифун Констовски, Цветанка Ивановска, Јани Макрадули, Илјаз Халими, Ванчо Георгиев, Слободан Даневски, Ванчо Стаменков, Ристо Пејовски, Петар Наумовски Љубчо Георгиевски, Гзим Остреми, Али Ахмети и Абдулаќим Адеми, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме со претрес по Предлогот за донесување на законот.

Збор има пратеникот Замир Дика, а по него нека се подготви пратеникот Агим Џелили.

Повелете.

ЗАМИР ДИКА:

Ви благодарам господине претседателе, господине министер, почитувани колеги пратеници,

Како што веќе реков дебатата за ова прашање ја поздравувам, затоа што секој обид да се реши високото образование на албански јазик или постигнување на

рамноправност во пристапот во образованието на сите граѓани во Република Македонија е добредојден и се обидуваме со наши аргументи, наши дискусии да го приближиме ова прашање повеќе кон постигнување на равноправност.

Албанскиот јазик, како објект на анализа во високото образование се промовираше легално, со Законот за високото образование што беше усвоен во 2000 година и тоа во високото образование, односно со отворањето на Универзитетот на Југоисточна Европа. Значи, во рамки на приватна институција. Значи, со членот 95 се прошири употребата на албанскиот јазик во високото образование, односно во приватни универзитети или јавни универзитети, државни универзитети и ние го поздравуваме ова проширување на употребата на албанскиот јазик што се промовираше со употребата на албанскиот јазик на Универзитетот во Југоисточна Европа.

Освен ова проширување на употребата на албанскиот јазик во високото образование ние и како опозициона партија, но и како дел на академскиот амбиент во Република Македонија очекувавме оваа Влада, посебно во областа на образованието, каде прашањето треба да е помалку комплексно затоа што таму аргументите може да се мерат, очекувавме дека оваа Влада, дефинитивно по она што се случи, по уставните измени, по Рамковниот договор да го дефинира прашањето на високото образование на албански јазик и полека да го затвориме ова прашање. Прилично очекував Владата да излезе со една коректна анализа и да се каже која е актуелната состојба со образованието на албански јазик и кои се чекорите за на аргументиран начин да покажеме дека сме рамноправни во високото образование.

За жал, уште еднаш ќе констатирам дека Владата, на пратениците им дава еден материјал од шест страници, така што во материјалот од шест страници од кои на две страници се шесте членови за осноање државен универзитет во Тетово, а само на три страници е дадено образложението со кое што се претендира да се анализира прашањето на високото образование, посебно на албанците во Република Македонија и да понуди пат за решавање на проблемот.

Исто така беше доставено и мислење на Одборот за акредитација, како посебен материјал. Ние, како пратеници, посебно оние од опозицијата кои немаат пристап кон сите чекори што ги презема Владата, очекувавме Владата да, исто така со овој закон да ни го даде и проектот за оснвоање универзитет во Тетово. Значи, проектот. Во тој случај ќе имавме една појасна слика за тоа која е намерата и што ќе се направи со овој закон.

За жал, ова не беше направено. Сепак, Владата или Министерството требаше на посериозен начин да го анализира, да го третира актуелното прашање, наследените проблеми и колку и како овој предлог ќе го реши прашањето на високото образование на албанците во Република Македонија.

Затоа, во недостаток на тоа што требаше да го направат Владата и Министерството за образование ќе се обидам во мојот говор, во моето обраќање да ја збогатам оваа слика од шест страници со факти за тоа на кое ниво е високото образование на албанците, што наследува тоа образование, и спроед наше мислење, кои би биле чекорите потребни за да се затвори еднаш за секогаш ова прашање.

Во прв ред би сакал да разјаснам дека гледам, после оваа дебата и пропусти дека многу луѓе кои говорат за високото образование не знаат фактички што претставува државното високо образование или јавното високо образование. Затоа сакам ова прашање малку да го разјаснам на оние кои изразиле дилеми за тоа дали треба високо образование, како, што и зошто.

Високо државно образование или јавно високо образование, како што се нарекува во некои држави е тоа високо образование за граѓаните на Република Македонија кои се стекнале со право да конкурираат и го следат тоа високо образование што се финансира од државниот буџет. Значи, високото државно образование претставува образование што се финансира од средства од државниот буџет. Ова е дефиницијата на високото државно образование.

Што претставува буџет за високото образование? Буџетот за високо образование е една ставка во севкупниот буџет на Република Македонија која технички дефинира колку средства ќе се определат и издвојат за високото државно образование.

Буџетот на Република Македонија претставуа средство, односно приходи што ги плаќаат даночните обврзници, односно граѓаните на Република Македонија преку разни форми. Значи, буџетот на Република Македонија де јуре се прибира од секој граѓанин на Република Македонија и де јуре секој таков граѓанин е даночен обврзник, односно оној кој плаќа даноци. Според последните статистики, 25% од населението во Република Македонија се албанци. Не би навлегувал во тоа колку се или колку не се, ќе се придржувам кон статистичките податоци што се струдираат, анализираат. Де јуре 25% од буџетот се собира од албанските даночни обврзници. Значи, секој граѓанин на Република Македонија и кога купува едно кило леб или кога купува храна плаќа дел од данокот и со тој дел од данокот се полни буџетот на

Република Македонија. 25% граѓани на Република Македонија кои се албанци плаќаат даноци за да го полнат буџетот на Република Македонија, заедничкиот буџет.

Де факто, колку се собира, колку се собрале, тоа е друго прашање. Се знае дека многуте кои го анализираа тоа прашање велат дека албанците во поодделни области не ги плаќаат даноците. Меѓутоа не кажуваат дека 60 години овие даноци токму во овие области се собирале 100%, а сепак власт за високото образование издвојувал многу малку. Значи, де јуре 25% од буџетот се собира од албанските даночни обврзници. И, делот за високото образование, значи дел од буџетот, 25% се полни од албанските даночни обврзници. Нормално, државата потоа, доколку е една одговорна држава, одговорна Влада што ќе биде неодговорна, доколку е неодговорна треба да биде одговорна после Рамковниот договор после војната, после уставните измени, мислам дека една држава и една влада треба да биде свесна за овој факт, аргумент и преку механизмите на поделбата на буџетите што им се враќаат парите на граѓаните треба преку тие форми и механизми тие 25% во високото образоание, во одредена форма да им ги врати во високото образование на оние кои плаќаат даноци, односно на албанците. Значи, аргументите дека буџетот има, дека буџетот нема, од каде ќе се најдат средства во буџетот, сите треба да сфатиме дека сите плаќаат за буџетот на Република Македонија а 25% од буџетот за високо образование треба во една или друга форма да им се врати на оние кои плаќаат даноци преку институционална помош или преку образование, значи албанците.

Колку државата до сега, до денешниот ден има одделено за високото образование на ова население, на албанскиот народ до сега?

Со жалење треба да констатирам дека Државниот универзитет “Св.Кирил и Методиј” и Битолскиот универзитет, врз основа на последните податоци во една студија направена, за што обично не им веруваме на нашите студии, само на странските, студија на ОЕЦД во септември, на страна 75, направено е од податоци засновано врз податоци од Заводот за статистика, таму вели дека во државните универзитети моментално студираат 4,9% албанци. Значи, и после 10 години, односно 13 години од осамостојувањето на Република Македонија ова албанско население во државните универзитети е претставено со само 4,9%. И покрај обидите да се направат квоти од 10%, потоа 20%, и покрај тоа Скопскиот универзитет, иако имала добра волја немала моќ да ги апсорбира, да ги отвори вратите за рамноправен пристап на ова население. Значи, овој буџет, државен, што е

потрошен, што се трошел за албанците, се трошел до 4,9% и до 1998 година тој процен бил дури 2%.

Секогаш во нашите дискусии, кога бараме решавање на прашањето на високото образование на албанците, секогаш тоа претставува главен аргумент, нормален и логичен. Затоа гласно секогаш бараме да бидеме рамноправни, барем во сферата на образованието што претставуа област на академска дебата и каде аргументите се опипливи.

Ова беше чисто за да разјаснам една дилема за оние кои велат дека нема средства во буџетот, дека не треба да се одделат средства за високо образование на албански јазик. Мислам дека тоа не е праведно.

Меутоа, денеска тука разговараме за начинот, формата, како оваа Влада сака на одреден начин да го поправи овој дисбаланс. Ќе видиме колку оваа Влада, имајќи го предвид овој аргумент, го исполнува условот и каква понуда има оваа Влада да се зголеми учеството на албанците во високото државно образование.

Владата и Министерството за образование треба добро да го елаборираат тоа прашање и на транспарентен начин и отворено да разговараат за високото образование. Каде биле албанците, каде се албанците во високото образование и кои се механизмите, на кој начин ќе се подобри прашањето на државното образование на албанците во Република Македонија. Во недостиг на една ваква анализа од страна на Владата, која со шест страници сака да го реши проблемот на високото образование на албанците, што не е во ред, затоа велам уште еднаш во недостиг на аргументи сакам да говорам малку за тоа каде е образованието на албанците.

До осамостојвуањето на Република Македонија, до 1991 година, фактот дека албанците во Република Македонија своите потреби за високо образование ги задоволувале во Приштинскиот универзитет, затоа што тогаш бевме една држава, во Приштина имаше Универзитет со сите факултети, со сите дисциплини на албански јазик, бевме во една иста државба, нормално, албанскиот студент бараше да има пристап во Приштинскиот универзитет да студира на својот мајчин јазик. Потребите на едно население кое сега е 25% се исти, потребите на едно население се исти како и на друго население. Значи, едно население сака да иа дипломирани луѓе од сите профили за да може на квалитетен начин да го организира животот. Овие потреби до 1991 година, со оглед на фактот дека бевме во една држава, албанците во голема мерка, 1,9 беше процентот во рамките на Скопскиот универзитет, а другите потребата за образование ја задоволуваа на Приштинскиот

универзитет. Се случи тоа што се случи, се случи распадот на поранешна Југославија, Македонија се стекна со независност 1991 година. Тогаш, поради начинот на тоа како се случи распадот на Југославија, тоа беше на насилен начин, преку војни, преку големи националистички тензии од сите страни, мислиме дека Уставот од 1991 година не успеа да ги апсорбира во најмала рака основните потреби за нормално функционирање на албанското население, односно тоа што беше наследено по Уставот на Југославија од 1974 година. И за овој процес се говореше многу пати, па не би сакал да навлегувам подлабоко.

Меѓутоа, тоа што сакам да го кажам е дека и покрај осамостојувањето на Република Македонија, потребите на населението, албанското во Република Македонија останаа истите. Не може со отцепување, со осамостојување на една држава да се намалат, повторно ќе има потреба од разни профили. Додека пак тогашниот процент на Скопскиот и Битолскиот универзитет е 1,9%. Мислам дека државата тогаш направи огромна грешка затоа што отворено не го прифати, не ја призна оваа потреба за високо образование на населението да ги отвори вратите за сите профили.

До 1994 година, да ве потсетам, имаше неколку обиди, иницијативи на албански академици, на академски граѓани да ги задоволат потребите во оваа наша заедничка држава. Да ве потсетам дека во 20-те години на функционирање на Приштинскиот универзитет албанците успеаја да станат професори, да создадат кадри, соодветни кадри да ги задоволат своите потреби. Многу од моите професори во Приштина беа од Македонија што ги имаа завршено студиите со стандардите на поранешна Југославија, Меѓутоа, за жал, тогашните власти до декември 1994 година ги одбиваа сите иницијативи на албанските интелктуалци, во најмала рака еден дел од профилите потребни за функционирање на населението во една држава беа одбиени. Тогаш, овие албанци интелектуалци, таа енергија што се пренесе од Приштина во Македонија не можеше едноставно така да седи и да чека некој да ја реши нивната судбина. Затоа оваа создадена инфраструктура на високо образование на албанците во Република Македонија го засноваат Тетовскиот универзитет.

Овој универзитет беше дочекан така како што беше дочекан, не сакам да навлегувам подлабоко во ова прашање и јас самиот бев професор на Тетовскиот универзитет. Две години бев и декан на компјутерски науки, односно в.д. Со доаѓањето на коалицијата, владината коалиција во 1998 година, ќе бидам максимално транспарентен со цел да не остане некој голем сомнеж или дилема кај

другите, посебно кај албанците интелектуалци за тоа што оваа проекција и колку тоа ќе го реши прашањето на високото образование на албанците. Некаде во 1998 година, овој процес, од почетокот на исполнувањето на едно нормално право за високо образование на едно население во Република Македонија беше инволвирана и Меѓународната заедница. А, од 1991 година до 1998-1999 година секое министерство се инсистира да објасни дека државата да ги исполни барањата, нормалните барања на едно население за тие да едуцираат адар и да имаат пристап кон високите образовни институции за кои плаќаат пари. Посебно тие се интензивираа со измената на Владата во 1998 година, се интензивираа обидите на Меѓународната заедница еднаш засекогаш, покажана тогашната волја на тогашната Влада, ова прашање полека, на ова прашање да му се стави крај.

Како дојде до формирањето на Универзитетот на Југоисточна Европа и што се случи со она што остана од Тетовскиот универзитет?

Прво, требаше да се донесе законот за високото образование, закон кој ќе се официјализира во одредена форма потребата на албанскиот јазик во високото образование. Тоа беше првата обврска.

Во рамките на тогашниот Устав да се усвои еден закон за високо образование со кој ќе се овозможеше рамка за албанскиот јазик да се користи во високото образование. Тоа беше првата обврска, првиот услов кој требаше да се усвои.

Јас и самиот бев член на Комисијата во рамките на Министерството за образование за подготовка и донесување на Закон за високото образование тогаш во 2000-та година. По бројни дебати, дискусии, експертизи од Советот на Европа, Меѓународната заедница посебно г. Ван Дер Штул успеавме да го финализираме проектот на Законот за високо образование во 2000-та година каде во членот 95 им се даваше право на албанците да го користат албанскиот јазик во високото образование, но во приватни универзитети.

Две се причините поради кои прифативме да биде земен овој пат за решавање на прашањето на високото образование на албанците. Првата причина беше дека тогашниот Устав ни даваше простор, ни даваше можност или доколку ние се однесувавме како големи патриоти, тогаш имавме можност да донесеме еден закон со кој ќе се легализираше и овозможеше и употребата на албанскиот јазик и во државните универзитети и сугурно Уставниот суд, за жал, тогашниот состав беше од минатата номенклатура и едноумие, сигурно ќе го поништеше нашиот обид да го интерпретираме членот 8 од Уставот на посебен начин. Тогаш ќе донесевме закон и ќе речевме дека нашата Влада има волја да го реши прашањето на употребата на

албанскиот јазик во државниот универзитет, меѓутоа, сето тоа ќе беше фарса затоа што Уставниот суд и при првата иницијатива ќе го поништеше овој закон. Ова беше првата причина.

Втората причина за нашата определба тогаш беше дури и да прифатевме да се оснива во тоа време еден универзитет на албански јазик кој на квалитетен начин ќе го решеше прашањето или потребите на албанците за високо образование, Владата и Буџетот, сега вие сте сведоци односно ние сме сведоци дека Владата никогаш немаше да има можност во рамките на тоа што го има како буџет или како економска моќ никогаш немаше да најде 50 милиони евра за да изгради инфраструктура на униварзитет на албански јазик кој би имал стандарди, нормативи кои ги заслужува албанскиот студент. Никогаш.

Затоа одлучивме да го официјализираме правото за високо образование на албански јазик, да основаме универзитет каде албанците би студирале на албански јазик и едновремено да основаме универзитет со стандарди, критериуми и простор кој ги заслужува еден албански студент кој до тогаш бил недоволно претставен. Ова би бил идеалот на некоја гарнитура на секој академски граѓанин за да обезбеди квалитетни студии и што посоодветни простории стандардизирани на своите студенти или деца.

Ова е обидот на политичката гарнитура или на интелектуалците за иднината, посебно на здравиот дел на корпусот од еден народ.

Со тогашниот договор со Меѓународната  заедница, тогаш ќе се знае дека главниот финансиер односно половина од тие инвестиции беа направени од страна на Владата на САД, а половина од инвестициите за изградба на универзитетот беше дадена од Владата на САД, во голем дел учествуваше и Европската комисија со одлука на Европскиот парламент и некои од државите на ЕУ.

Едновремено со основањето на Универзитетот на Југоисточна Европа во тогашниот Закон за високо образование, тогашната Влада го усвои членот 198 и овој Универзитет не се создаде само како нов Универзитет со вакви стандарди и ваква инвестиција, туку му се даде можност со членот 198 до крајот на 2002 година сите студенти кои студирале на Тетовскиот универзитет имаа можност да дојдат и да ги легализираат своите знаења. Владата овој закон кој го предлага  значи фактичката состојба на Тетовскиот универзитет оваа Влада предлага да го реши со истиот предлог што го направивме ние, меѓутоа, предложивме за еден универзитет каде Меѓународната заедница 90% се појавуваше како финансиер, меѓутоа и гарант за

квалитетот на високото образование на албанците. Ова е разликата. Значи, вие повторно го нудите истото решение кое ние го понудивме со членот 198.

Ова е еден аргумент за кој сум подготвен да дебатирам, тоа е еден факт. Што се случи? Раководството на тогашниот тетовски универзитет, сакам да повторам, јас бев декан на Информатичкиот факултет и учествував на тие состаноци на раководството неколку пати, тогаш овој проект кој, сакам да потсетам, најголемата инвестиција во југоисточна Европа од 1990 до сега со еден проект најголем проект претставуваат 50 милиони евра за универзитетот на југоисточна Европа или најголема инвестиција која е направена во Република Македонија и во југоисточна Европа од страна на Меѓународната заедница само преку еден проект и тоа беше наменето за решавање на прашањето за високо образование на албанците што даваше пристап и на сите други.

Да се потврди ова, да нема недоразбирање дека некои велат дека сеуште продолжуваат да инсистираат дека Универзитетот на југоисточна Европа не е наменет за оваа или онаа цел, само сакам да го цитирам членот 1 од Статутот на Универзитетот на југоисточна Европа во кој се вели дека овој Универзитет имено е наменет на културата и на албанскиот јазик и решавањето на високо образование на албански јазик. Ова е член на статутот усвоен од Одборот на Универзитетот на југоисточна Европа.

Второ, ќе овозможи на еднаков начин да конкурираат и студираат сите граѓани на Република Македонија на нивниот мајчин јазик и ќе помагаат како институција токму во онаа интеграција која и вие ја промовирате односно интеграција на нови млади генерации.

Ова се трите круцијални точки од статутот на Универзитетот на Југоисточна Европа кои претставуваат инвестиција на Владата на САД и ЕУ.

Што се случи во тоа време?

Во тоа време тогашното раководство на тетовскиот универзитет односно дел од тоа раководство, ние тогаш како учесници во овој проект јас лично им понудив да седнеме заедно пред дел на аудиториумот на раководството на тетовскиот унверзитет да го претставиме овој проект и да отвориме една широка дебата во интелектуалниот амбиент на албанците и да дискутираме колку овој проект ќе го исполни просторот на високото образование на албанците во Република Македонија, како ќе се реши тоа прашање и како ќе делуваме.

Се извинувам што имав интелектуална храброст да го кажам ова, меѓутоа, без да се кажат работите јавно никогаш нема да го решиме ова прашање. Еден дел од

тогашната раководна гарнитура на тетовскиот универзитет одби дури и да слушне за овој проект, не сакаше дури ни да види што се содржи во овој проект за кој над половина инвестираше САД и ЕУ. Ние рековме не, ние не сакаме ни да слушнеме, јас сум професорот и студентот и јас велам не за овој проект. Се продолжи со некои празни фрази во име на патриотизмот ќе направиме нешто друго.

Во што се состоеше одбивањето на основањето на еден универзитет чија инвестиција денеска достигнува 60 милиони евра, универзитет кој во тогашно време даваше можност за легализирање на знаењата на студентите и професорите истото што и вие го нудите сега господа, го одбија истиот проект. Зошто го одбија? Можеби имам право да се сомневам дека можеби им се допаѓаше да продолжат да менаџираат со неконтролирани парични средства, можеби сакаа да продолжат да бидат тие главни во вработувањето на академскиот персонал, да си го земат таткото, синот, братот, имаше една тотална, апсолутна моќ во водењето на тетовскиот универзитет.

Меѓутоа, ние како раководна гарнитура не можевме да ја оставиме судбината на тие студенти во рацете на оние кои сакаа да го узурпираат правото кое веќе се нудеше и одлучивме да не ги следиме овие фолклоризми, туку да воспоставиме една вредност која им е потребна на албанците, а која потоа се докажа дека е во корист на сите во Република Македонија.

Еден дел од тогашните политичари пропагираа да не одат студентите од тетовскиот универзитет да го легализираат во легалниот универзитет на Југоисточна Европа се присутни во денешната гарнитура и велеа ова не ни треба затоа што гледаа политичка димензија и доколку овој универзитет го реши прашањето на Југоисточна Европа, тогаш ќе зајакне ДПА, ќе ослабне тој или овој, меѓутоа, жалам дека и со денешниот предлог се продолжува со истата логика. Остави го овој затоа што е проект на ДПА, ние да го направиме проектот на ДУИ или мојот проект и јас ќе останам во историјата на албанците како тој што го реши прашањето на високото образование. Тоа е еден пристап многу штетен кој може да им наштети на вредностите на високото образование било на тие кои се на универзитетот на Југоисточна Европа било на тетовскиот универзитет.

Во тоа време се постигна 250 студенти на тетовскиот универзитет да влезат во универзитетот на Југоисточна Европа и да ги легализираат своите знаења. Јас жалам што г. министер не беше на годишнината на универзитетот на Југоисточна Европа, тоа беше еден голем пропуст кога се промовираа првите дипломци, дипломираа токму нашите студенти од тетовскиот универзитет кои дојдоа, ги

легализираа своите знаења, ги продолжија своите студии и стигнаа до едно ниво кога моожеа да ја земат првата диплома легална во Република Македонија.

Сакам и ова да го истакнам пред да преминам на прашањата на тетовскиот универзитет кој претставува реалност и факт дека Одборот кој даде 50 милиони евра за финансирање на инфраструктурата, даде средства и за физибилити студија за начинот на проширување на овој универзитет во насока на отварање на други дисциплини. Се дадоа над 100 илјади евра да се направи студија за основање и проширување со факултети на музичка и ликовна уметност и ПМФ, оваа студија се направи и врз основа на оваа студија беа потребни 5-6 милиони евра од страна на надворешните донатори за да се основа ПМФ, меѓутоа, не факултет во кој би имало биологија, хемија, како што ние претендираме да го направиме со две епрувети да отвориме факултет, туку да се направи со потребните стандарди какви заслужуваат албанските студенти и другите студенти. Тој проект беше готов, средствата требаше да пристигнат.

Тогаш почна конфликтот и овој проект остана на виси, дојде новата владеачка гарнитура, доби на изборите, дојде на власт и оваа владеачка гарнитура од самиот почеток рече ние ќе направиме наш универзитет, значи плановите за проширување на можностите во рамките на универзитетот на Југоисточна Европа останаа да висат и оваа гарнитура рече дека ние ќе имаме друг пристап во решавање на високото образование на албанците во Југоисточна Европа. Имате право да размислуваате така дека можеби има друг начин на кој може да направите нешто повеќе, очекувавме дека ќе дадете нешто поубаво со цел заедно да го затвориме ова прашање на најквалитетен можен начин со високото образование.

Иако еден дел од студентите преминаа и еден дел од професорите во универзитетот на Југоисточна Европа сепак остана значителен број на студенти и професори во тетовскиот универзитет, останаа таму и ја продолжија работата во тетовскиот универзитет, ги продолжија студиите, тоа го признаваме и би ја поддржале Владата да го затвори, доколку е можно, ова прашање, меѓутоа, не да биде на штета на високото образование, на вредностите на високото образование на албански јазик или воопшто.

Што направи Владата од почетокот на своето владеење, како ја градеше стратегијата за постигнување на рамноправност на високото образование. Чекавме два - три месеци, сто дена, очекувавме дека Владата по стоте дена ќе излезе со стратегија и ќе рече еве како на квалитетен начин ќе обезбедиме рамноправност на високо образование на албански јазик.

Не сто дена, туку девет месеци поминаа и по девет месеци Владата успеа да ги донесе измените во Законот за високото образование. Требаше да чекаме девет месеци за да се донесат измените на Законот за високото образование, измени за кои неколку пати сум зборувал и кои мислам дека воопшто не содејствуваат ниту со Рамковниот договор, ниту со уставните измени каде мислам дека употребата на албанскиот јазик во високото образование е делумна со членот 95, употребата на албанскиот јазик во високото образование е ставена делумно односно таму се вели дека албанскиот јазик може да се користи во јавните универзитети и државните универзитети само во оние дисциплини каде ќе се култивира културата, традицијата итн.

Со членот 95 почитувани колеги, не е оставен простор за употреба на албанскиот јазик во сите дисциплини. Ве молам демантирајте ме дека де јуре албанскиот јазик е оставен половично. Сега има голема можност Уставниот суд да каже дека вие предлагате да отворите политехнички центар на тетовскиот универзитет уште да кажете дека политехничкиот центар нема никаква врска со културата и традицијата на албанците и правно да го поништи овој закон.

Значи, ви гарантирам дека правно гледано ова прашање е половично решено, а нема потреба за нешто вакво, затоа што членот 5 од Уставот и точката 6.2 од Рамковниот договор ни даде можност сите имаа можност и простор употребата на албанскиот јазик во високото образование да биде завршена работа.

Жалам што го констатирам ова, меѓутоа јас ги искажувам само аргументите кои ги имаме, не сакам да зборувам за желбите кои ги имаме и за волјата. Желбата и волјата ако постојат ќе се изразат преку правни акти, а не секогаш да се остава за подоцна и тн. Потоа се чудат кога се вели сега зошто и после сето ова вие претендирате дека не е решено прашањето на воведување на албанскиот јазик во високото образование. Не е решено, тргнувајќи токму од оваа рамка.

Што е најиритирачко, кој е оној аргумент кој остава големи сомнежи во овој проект кој го понудивте. Девет месеци иако универзитетот е веќе легален, регистриран универзитет во судот, во регистарот на институциит на високо образование при Министерството за образование и наука, универзитет кој што е реален. Тоа се работи кои се реални, се гледаат. Каде што студираат 3.143 студенти албанци, 771 студент албанец на правниот факултет, 961 албанец студира на трета година на факултетот за бизнис, 495 студенти на факултетот за јавна администрација, 506 студенти албанци студираат на факултетот за информатика и

410 студенти албанци студираат на факултетот таканаречен педагошки и методологија. Имаме насоки на социјаологија, имаме катедра за сите јазици, за историја, географија и тн., за подготвување на кадарот за средно образование на албански јазик. Еден универзитет кој што се управува, менаџира од Меѓународната заедница од академици и професори албанци од Република Македонија, има и професори македонци кои што учествуваат во фазата на управување, во фазата на наставата, но според сите оценки што доаѓаат, го знае министерот тоа од Советот на Европа, од сите институции кои што се компетентни да дадат оценка за високото образование да каже дека овој универзитет ги постигна потребните стандарди, односно ги надминува стандардите на високото образование во Република Македонија и донесува навистина нови вредности, не само во Република Македонија, туку и во регионот. На истиот универзитет околу 17% до 20% се претендира да студираат паралелно и студенти македонци и од други националности кои што на свој мајчин јазик ќе ги завршат студиите до сега ниту еден дефект и на еден многу квалитетен начин, а сето ова се гледа од интересот што го покажуваат македонските студенти за студирање на овој универзитет.

Девет месеци од функционирањето на оваа Влада, две години од функционирањето на овој легален универзитет господинот министер за образование, девет месеци не дојде ниту да го посети универзитетот на Југоисточна Европа каде студираат над 3.000 студенти албанци. Јас напишав еден прилог во весник и се прашував дали би можел јас морално да не одам да посетам еден легален универзитет како министер, а бев три пати во исто време во посета на Скопскиот и Битолскиот универзитет. Тоа докажува, не навлегувам повеќе, вие сте имале свои причини, имате образложение за тоа, имате право да размислувате поинаку, тоа докажува за начинот и приодот како вие размислувавте да го решите проблемот на високото образование на албански јазик. Тоа се тесни партиски и политички интереси, бидејќи девет месеци министер албанец не доаѓа во посета на еден легален универзитет каде што студираат повеќе од 3.000 студенти албанци. Истовремено, слушавме некои гласови, незнам од каде доаѓаат, дека е готов проектот за реализација на тетовскиот универзитет и јас си поставив прашање самиот себеси како може академски некој да ни предлага решавање на високото образование, легализирање на тетовскиот универзитет кој што не дошол да почувствува, да види што реално има на универзитетот во Југоисточна Европа. Како можете да давате некое решение. Вие незнаете што се дава, колку студираат, во колку насоки. Не е доволно само ние добивме некој податоци за овој универзитет на

хартија и сега сакате да го решавате проблемот на високото образование на албански јазик. Јас не ја прифаќам оваа логика. За мене како академик, не говорам како политичар, мислам дека не е прифатлив овој приод. За да не останеме на фразиологија, да не бидеме демагози, сакам да кажам што очекувавме и јас како академик зборувам, кој беше начинот што го очекувавме приодот на министерот за образование за да понуди едно решение за високото образование на албански јазик, еднаш за секогаш. Кое беше тоа наше мислење.

Првата работа која што ја очекувавме но не се направи, министерот легално во неговиот ресор да формира една комисија за решавање на прашањето на високото образование на албанците и каде што ќе се вклучуваат членови од актуелниот универзитет, професори, неполитичари, професори од универзитетот на Југоисточна Европа, професори од Скопскиот универзитет македонци и албанци, но и професори од Приштинскиот универзитет како експерти надворешни кои го познаваат добро високото образование во Република Македонија, бидејќи во еден голем период ние користевме професори од тој универзитет. Да се формира една комисија и имињата на луѓето на комисијата да се објават, овие се членови на комисијата кои што легално се ангажирани од Министерството за образование, кои што на компетентен начин без политички импутации ќе понудат едно квалитетно решение на високото образование на албански јазик. Што ќе правеше? Што ќе беше работата на таа комисија.

Првата работа ќе беше еден рентген, една слика на ситуацијата на комплетната состојба на образование на албански јазик од претшколската возраст, осмолетката, средното образование, анализирајќи што имаме во моментот на универзитетот во Тетово, што имаме моментално на универзитетот на Југоисточна Европа, што имаме образование на албански јазик на универзитетот “Св.Кирил и Методиј” и што имаме на Битолскиот унуврзитет. Тоа е прва точка.

Втора точка колку албанци до сега од независноста на Македонија до денеска дипломирале или студираат на Универзитетот “Св.Кирил и Методиј” и на Битолскиот универзитет. Во кои насоки студирале албански кадри и тој број може а се изнесе, да се покаже. Доколку ги имаме сите овие податоци и доколку сакаме на коректен начин да го решиме проблемот за студентите на албанските студенти но и на високото образование на албанците не за мојата партија, туку за некоја друга партија, единствениот логичен приод и што не може да има политичка сила или групен интерес да го оспори, значи со решавање на еден ваков форум во меѓувреме го спомна и колегата Вејсели, најмалата работа што требаше да ја направи

министерот или Владата на Република Македонија, или албанскиот партнер со коалицијата беше да се консултираат заедно со потписниците на Охридскииот договор барем една консултација или една информација дека ние браќа мислиме деак на ваков начин ќе го решиме овој проблем на високо образование. Може да се дебатира и на политички форуми но и на академски форуми прашањето за решавање на високото образование на албански јазик. До денес не можам да го разберам и не можам да го оправдам молкот нетранспарентноста, затворањето на секој академски приод, дебати за легализирање на тетовскиот универзитет. Никогаш не може еден академик да рече дека ова е решението, затоа ние имаме сомнежи.

Јас сакам да нагласам дека еден ваков пристап сигурно ќе ги зачуваше достигнатите вредности без оглед на универзитетот, или на тетовскиот униврзитет и во името на вредностите, на квалитетот на просторите што ги заслужува албанскиот студент во иднина, сигурно ќе донесовме еден многу попристапен, подобар закон во врска со ова. Наместо една ваква анализа, да се излезе со еден проект, одржлив проект кој што не ќе можеше да го направиме ова, без оглед од која причина. Имам само еден предлог од шест страници каде што се решава решавањето на високо образование на албански јазик. Ова говори за пристапот каде е лабораторијата, каде е направено сето ова во овој проект, кој учествува во тоа и кои се имињата кои учествувале во ова, кој учествувал во оваа дебата. Имам право да се сомневам почитувани, токму од содржината на она што се нуди. Содржината на она што се нуди ме прави да се сомневам во која лабораторија е направен овој проект. Сега ќе зборувам за тоа. Денеска прочитавме една статија каде се вели дека погрешни се критиките на ДПА дека овој универзитет не нуди еден легален континуитет на работата на тетовскиот универзитет на фактичката ситуација која ја признаваме. Туку се вели дека членот 5 или 4 овозможува токму континуитет на тетовскиот универзитет. Ве молам, за оние кои барем малку го познаваат академскиот начин на решавање на прашањата и кои барем малку ги знаат законите, се знае дека два до три члена се ставени само на декларативен начин. Немаат апсолутно никакво правно влијание. Има членови кои немаат врска, кои немаат правно влијание само се ставени тука за да кажат еве каде има континуитет. Прашањето на континуитетот на тетовскиот универзитет, почитувани господа, не се решава со членот 5, туку реално практично се решава со членот 198 на Законот за високо образование. Нека ме демантира кој сака. Со членот 198 се решава прашањето на студентите кои студирале таму, а не со членот 5. Членот 5 само сте го кажале на декларативен начин да кажете еве каде се обезбедува континуитетот. Автоматски де јуре, овој

закон не го регулира прашањето на високото образование. Оние што го познаваат Законот за високо образование, знаат што значи овој закон. Овој закон значи основање на еден нов државен универзитет во Тетово. Тука се вели во членот 3 дека веднаш матичната комисија откако ќе биде именувана, овој универзитет ќе може да отпочне со работа. И тоа мислам претставува политичка декларација. Нема врска со процедурата за основање на универзитетот. Зошто ова не го кажуваме отворено. Зошто да не се каже јасно. Законот за високо образование предвидува ваква процедура за основање на еден универзитет и се вели: Државен универзитет може да основа Парламентот на Република Македонија. Владата на Република Македонија вели: Во рамките на актот за основање кое го усвојува Парламентот, Владата на Република Македонија донесува проект за основање на универзитет. Овој проект треба да биде акредитиран пред Одборот за акредитација. Проектот треба да содржи простории, нормативни стандарди, кадри и тн. во форма на проект се доставува до Одборот за акредитација. Процедурата минимум ќе трае три месеци, додека Одборот за акредитација ја кредитира оваа високо образовна институција. Откако Одборот за акредитација ќе ја акредитира оваа институција, тогаш оваа институција ќе дојде до Министерството за образование и наука и министерот за образование и наука преку своите инспектори излегува на терен и гледа дали се исполнети фактичките услови, кои ги предвидува проектот и инспекторите даваат извештај до министерот за образование за исполнување или неисполнување на условите доставени во проектот и тогаш доколку министерот процени дека се исполнети условите, тогаш се дава дозвола за отпочнување на работата на високо образовната институција. Откако ќе биде дадена оваа дозвола, тогаш министерот има право да го регистрира универзитетот во регистарот на високо образовните институции. После тоа запишување во регистарот, тогаш овој правен субјект оди пред судот, за да се регистрира. Во моментот кога оној универзитет се запише во судскиот регистер, од тој ден овој униврзитет, зборувам за процедура, овој универзитет има право да отвори конкурс за запишување на студенти легално. За тоа колкав ќе биде бројот на запишани студенти, на колку факултети по колку студенти, тоа го одредува Владата на Република Македонија. Незнаеме Владата на Република Македонија каква одлука ќе донесе, колку студенти ќе студираат тука. Тоа треба да се каже, тука не стои. Доколку сакаме да го зголемиме бројот на студентите, треба да се бара дозвола од Владата на Република Македонија. Ова претставува почитувани колеги процедура за регистрирање на овој универзитет, вака предложен со овој закон за високо образование. Нема друга

постапка. Една е постапката. Нема да ги читам членовите, затоа што веќе неколку пати сме ги анализирале и не сакам оваа дискусија да ја оптоварам уште повеќе. Ова е тоа што се однесува до континуитетот. Потоа, со членот 198 се продолжи рокот во 2005 година на оние што сакаат да го легализираат своето знаење. Членот 1 од Законот за основање на тетовскиот универзитет вели дека овој универзитет ќе се основа од четири факултети и една виша школа. Секогаш кога се основа еден универзитет обично се запишува и кој дисциплини, или на која бранша припаѓа универзитетот. Според она што се нуди тука, овој универзитет општо гледано ги исполнува условите, критериумите на еден универзитет на социјално економски науки. Истиот карактер, значи универзитет на социјално економски науки има и универзитетот на Југоисточна Европа. Токму од старт, значи од старт предложената структура на оваа високо образовна институција содејствува со природа со структурата на универзитетот на Југоисточна Европа. Може да има разлика во студиските програми, меѓутоа се работи за социјално економски дисциплини. Не ги прошируваме дисциплините. Не го зголемуваме нивниот број. Меѓутоа, сме ставени во иста рамка. Имаме два универзитета, доколку се изгласа ваков каков што е законот, без нашите амандмани. Ќе имаме два универзитети концентрирани во социјално економски науки со одредени разлики во студиските разлики. И ние имаме компјутерски науки, тука се вели дека ќе има Природно математички факултет, ние имаме две виши школи во Универзитетот на Југоисточна Европа, тука ќе имаме политехнички центар на студии.

Што сакам да заклучам од ова. Доколку ние го прифатиме овој предлог што е понуден од Владата на Република Македонија, и се основа овој универзитет со овие факултети, четири факултети една виша школа од социјално економска природа, не говорам за студиските програми, дајте да го анализираме албанското семејство, или еден ученик кој матурирал. Сега се наоѓа пред донесувањето на големата одлука за тоа што ќе студира и каде ќе студира. Значи, до сега албанскиот студент во овие две изминати години имал можности да студира на униврзитетот на Југоисточна Европа и да избира од овие социјално економски дисциплини. Сега истиот студент од албанското семејство треба да се определи за социјално економски студии, меѓутоа, треба да одбере на кој факултет ќе оди. Дали ќе оди на Факултетот на ДПА или на ДУИ, на ВМРО-ДПМНЕ или на СДСМ. Наместо ние да имаме пет можности на универзитетот на Југоисточна Европа, наместо да понудиме уште пет други дисциплини, или 10 различни можности за еден албански студент,

ние со овој акт го ставаме пред свршен чин. Му велиме сакаш правен факултет, тука или таму. Сакаш економија тука или таму, сакаш социологија тука или таму.

Мислам дека една од најголемите штети што и се нанесува на вредностите на албанското образование е стеснувањето на просторот. Значи се основа нешто кое што повторно го остава тесен просторот на можностите за иднината на образованието на албански јазик.

Колку може да биде функционален овој проект како што е даден. Јас се извинувам што се повикував на одредени изјави на министер или раководството на тетовскиот универзитет, меѓутоа, немаме додатни материјаи, немаме повеќе материјали и затоа морам да се повикувам на одредени изјави. Можете да ме демантирате, но да се повикам на некои што сум ги слушнал сам.

Доколку се претендира со овој универзитет, со оваа структура да се легализира тетовскиот универзитет, така како што пишува тука, доколку се примени членот 198 тогаш сите студенти на тетовскиот универзитет, кои студираат на тетовскиот универзитет, меѓутоа, не се насочени кон овие дисциплини кој ќе им ги признае дипломите. Секоја признаена диплома или еволуирано знаење кое не припаѓа на овие дисциплини тој студент со Законот за високо образование овие институции не можат да им го еволуираат знаењето. Тие ќе останат надвор. Надвор од континуитетот.

Раководството на тетовскиот универзитет, некои од раководството не споменувам имиња, рекоа немојте да се плашите вие почитувани студенти на тетовскиот универзитет затоа што ние во рамките на овие четири дисциплини, посебно во уметноста ќе внесеме бројни мали факултети и така ќе го решиме вашето прашање. Иако вие не припаѓата на овие дисциплини што се овде наведени не се секирајте, затоа што ние ќе правиме некои трикови, ќе направиме некои додатни дисциплини и во еден факултет ќе имате пет други факултети внатре. Повелете демантирајте ме ако не е така.

Според таа изјва на компетентни луѓе не пренесувам било какви изјви велат дека, тука во рамките не тие пет факултети ние ќе внесеме 17 студиски програми. Во ред.

Универзитетот на Југоисточна Европа со кој се решава дел од образовните потреби на албанците со 60 милиони евра финансирани во инфраструктура постигнува нормани услови за пет факултети и две виши школи. Велиме дека тука потребни се уште простории, уште згради за студентот на Југоисточна Европа да има европски стандарди и стандарди на високото образование на РМ. Сега, со она

што се вли, што се изјавува и што се пишува а што не е во законот, се вели дека од 1,8 милиони евра до 2 милиони евра ќе се одделат средства за основање на тетовскиот универзитет. Сега, логично прашање.

Еден проект кој што чинел 60 милиони евра постигнува да ги задоволи стандардите за пет факултети и две виши школи, тука се презентира и се вели на студентите дека со 1,8 или 2 милиони евра ќе направиме 17 факултети. Нема место за коментар колку функционален ќе биде овој проект, колку им гарантирате студии, квалитетни студии на тие факултети итн.

Министерот за образование на Законодавно-правната комисија даде две изјави. Доколку не се вистините можете да ме демантирате г-дин министер но, вие рековте, еден пратеник го покренал прашањето за просториите во Табак осигурување и рече што прави Владата за да се обезбеди простор за настава на овие студенти во согласност со стандардите на студентите. Се знае коку метри квадратни треба за еден студент. За секоја наука точно се знае колку метри квадратни се потребни за еден студент. Дали Влдата кажува колку простор е обезбедено за студентите имајќи ги предвид настаните кои се случија во Табак осигурување, што претставува реалност.

Министерот за образование рече Одборот за акредитација дал мислење дека постојниот капацитет на тетовскиот универзитет ги исполнува потребите и условите за функционирање на овој универзитет вака како што е изложен тука. Имаше и колеги пратеници присутни на таа комисија.

Значи, над 19 хектари се за универзитетот на југоисточна Европа. Над 10 хектари се изградени и велиме дека смао пет факултети и две виши школи функционираат. Студиските програми, четири факултети и едена виша школа за да функционираат само во зградата која се изгради со парите на народот, и јас бев таму предавач, јас тука признавам дека нема реални шанси доколку сакаме на квалитетен начин да го решиме прашањето на тие студенти таму. Подобро ќе беше доколку Владата излезеше, како што беше направено во тоа време, во тоа време самата Влада и поранешниот премиер имаше потреба за донација, имаше пари, за да се избегне штетата и Влдата донираше 19 хектри како имот во сопственост на тетовската општина за Универзитетот на Југоисточна Европа да функционира со соодветните стандарди. Затоа и сега Владата треба да излезе и да рече за овој број на факултети и овој број на студенти им го даваме овој простор, овие средства за изградбата на инфраструктурата, така се решава прашањето. Не се решава прашањето со она, ние гарантираме. Не е ова доволно почитувани. За еден

пратеник кој ќе решава за еден академски граѓанин албанец овој аргумент не е доволен. Јас немам повеќе податоци, верувајте дека немам повеќе податоци. Министерот деклрираше дека на секој пратеник ќе го подели проектот за тетовскиот универзитет. Ние го немаме тоа каде што на квилтетен начин ќе се вклучиме во дискусијата за обезбедување простор.

Јас не можам да се убедам како пратеник, да речам многу добро го решивте проблемот на високото образование кога и самиот знам колку објекти има Тетовскиот универзитет. И самиот ќе речам и ќе констатирам дека сето тоа е недоволно, да се легализираат тие знаења и нормално да функционира како што скаме ние, да има стандард да студира еден албански студент во Тетово. Ние ќе се бориме сите заендо овде, без оглед на политичките партии на студентот на тетовскиот универзитет да му се овозможат исти услови како што ги имаат студентите на универзитетот на Југоисточна Европа. Нема потреба тие да бидат привилигирани со таков простор а овие без таков простор.

Да објаснам една финансиска дилема во односна Буџетот. Неколку колеги пратеници рекоа партиципацијата е приватна и затоа имаме такви стандарди и такви услови. Јас ви гарантирам доколку Владата не го направи транспарентен начинот на средствата како ќе се финансира овој универзитет во Тетово студентите на тетовскиот универзитет што студираат ќе плашаат над 1000 евра, за студирање. Кој ќе ги надополни условите, кој ќе ги покрие. Некој ќе рече оставете нека се основа а пари ќе најдеме. Мислам дека овој аргумент е нонсенз. Вакви универзитети, кои што се базираат на дискриминација на едно население не се основаат секој ден и еднаш се основа еден државен универзитет.

Аргументот на министерот кој што вели ние ќе го основаме како што е, а потоа самата дебата на академците албанци ќе одреди колку дисциплини ќе има на овој универзитет. Вие многу добро знаете за да се отвори еден факултет, една нова дисциплина треба иста процедура да помине како што минува и еден универзитет. И една дисциплина да се отвори во рамките на еден јвен државен факултет има потреба од простор, од финансиски средства. И еден студент повеќе да се запише пак е една процедура. Зошто ја ставата судбината на високото образование во една перманентна борба на Владата, парламентот итн. Јас мислам дека е моментот еднаш за секогаш да се понуди еден проект кој што ќе го надмине овој проблем, ова прашање. Вака, ќе остане сеуште половично и повторно ќе излегуваме пред аудиториумот да речеме дека не е решено прашањето на високото образование, а пратениците македонци ќе речете што барате вие. Два се направија, се основаа,

што сакате уште. Ние со ова транспарентност, со овој приод оставаме аргументи да дебатираме сеуште за националните прашања кога дебатираме, разговараме зза прашањето за високото образование.

Што е она што за мене личо е неприфатливо. Неприфатливо тотално целосно. Ни дојде како материјал буџетот за 2004 година. Го слушнавме министерот за финансии кој што изјави дека Буџетот за  2004 година ќе биде ист со Буџетот од 2003 година, значи рестриктивен. Ќе има само 25% зголемување во однос на судството. Значи, делот на Буџетот за високото образование што се одделува во однос на 2003 година, ќе биде ист за високото образование и во 2004 година. Значи, финансирањето на новиот државен универзитет не се прави со средства од Буџетот за високото образование, каде што 25% албанците де јуре партиципираат во тој буџет и државата сега 4,9%го решава тој проблем со високото образование, туку овој Универзитет ќе се финансира со една стафка од реконструирање, незнам како се именува таа стафка, но во секој случај нетранспарентно, некоректно, за институциите, но и за нас политичарите кои што сме одговорни, што сме избрани тука.

Доколку сакте да основање трет државен универзитет почитувани колеги кажете јавно. Речете дека во Буџетот за високото образование оние ставки кои што се наменети за реконструкција технички се вклучуваат во стафката на Буџетот за високото образование и се зголемува за толку колку што ќе бидат доделени за овој универзитет. Вака останува нејасно, нерамноправни универзитети. Едниот се финансира од некде, додека другиот се финансира од стафка од Буџетот за високото образование, а третиот ајде ќе најдеме ние форма, ќе најдеме средства, прво да го основаме. Мислам дека е неприфатливо за политичари ние ќе остноваме, а потоа ќе најдеме пари. Албанците имаат пари. Зошто албанецот секогаш да има пари за проекти кои што треба да ги финансира државата. Така произлегува врз основа на она што вие го предложивте почитувани колеги. Го цитирам она што го имам на хартија. Ставката на буџетот за високото образование како што беше минатата година останува игодинава.

Кој е излезот, или што предлгаме ние? Кој ќе биде начинот за да се надмине оваа нејаснотија, оваа нетранспарентност, оваа можност за зголемување на проблемите на албанците. Дали имаме ние некој проект кој што може да го реши ова. Јас велам да.

Владата доколку има сенс и навистина сака да создаде не политички проект, туку проект за решавање на високото образование на албански јазик, албанците да

бидат сигурни со вредностите министерот и Владата треба да ги прифатат амандманите што ги предложи ДПА. Кои се тие амандмани?

Тие амандмани се:

Да се донесе  закон за легализирање на универзитетот во Тетово. Значи, да се промени насловот, не “закон за основање, туку доколку сакте да легализирате една фактичка состојба тогаш донесете закон за легализирање на фактичката состојба. Неприфаќам бевте вие, ние сме. Вие сте сега, вие го донесовте овој закон и затоа ние дискутираме.

Подобро е да се рече овој Парламент да донесе закон за легализирање на фактичката состојба што е таму. Нека го направат структурите легализирањето од структури кои што ги предлга Влдата итн., да има основни стандарди во врска со сето тоа.

Вториот амандман е да се легализира процедурата де јуре автоматски, не со член 198 кде што ќе останат учениците кои што не студираат на дисциплините кои што не се опфатени во законот.

Амандман 2 ќе биде да се легализира тетовскиот унвиерзитет со постоечките сруктури, со постоечките факултети. Да се легализира работата која што се прави таму, а во текот на процедурата на легализирање на овој универзитет Владат треба на итен начин да формира комисии кои ќе ги предложи и да каже еве се легализира една работа, но оваа работа во иднина ќе продолжи на ваков начин. Тука ќе останат овој , овој и овој факутет, пет факултети, или четири факултети, шест. Од овие дисциплини кои што не се на унвиерзитетот на Југоисточна Европа. Треба да се формираат комплементарни дисциплини со еден универзитет кој веќе постои. Значи да не се направи ваква работа, бидејќи точка 6. 2 од Охридскиот договор вели “државата ќе финансира високообразование на населението кое што е повеќе од 20% со разни договори. 25% од парите од Буџетот за високото образование кои се собираат од даночните обврзници албанци треба да се доделат за високото образование на албански јазик”. Не можеме да се однесуваме ние денес има еден универзитет на Југоисточна Европа, но тој е приватен универзитет, тој не е државен универзитет, не е наш. Тие 3000 повеќе албанци, до година ќе бидат 4 илјади, тие не се наши. Тие се приватни. Ние ќе се грижиме за оваа зграда што ја имаме тука, што ни ја дозволил г-дин Бранко Црвенковски, Табак осигурување, тоа што е. Со законот имаме проблем, други простори немаме. Немаме пари за тоа.

Не го решавате прашањето на високото образование, ја исполнувате точката 6.2 од Охридскиот договор. Значи, да се прифатат амандманите, да се легализира

досегашната работа со стандарди кои се минимални за тие студенти, за тие кадри што се таму. И потоа, државата да продолжи да ја земе во раце финансирањето на Универзитетот на Југоисточна Европа каде што ќе се зголеми бројот на зградите што ги има тетовскиот универзитет и заедно да продолжат со 10 факултети, можности за студентите. Значи, доколку сакаме навистина како академски граѓани и како луѓе кои што сакаат а се реши високото образование, не, за мојата политичка партија и за мојата политичка кријера, ова е решението кое што ќе биде неопходно, ќе биде прифатливо не само за албанците, туку за академските граѓани македонци. Нема аргумент што може ова да го поништи. Станува збор за вредноста на условите и стандардите за албанските студенти, исто како и за сите други стандарди на Универзитетот на Југоисточна Европа, европски стандарди и државата да стави рака на тие 4000 студенти. Вие добро знаете, оние што не го знаат, или пак немаат храброст да го спомнат имено на универзитетот на Југоисточна Европа, вие знаете го рече еден пратеник - Универзитетот на Југоисточна Европа во првата студиска година ќе се финансира од странски извори, а после првиот цикл државата ќе стави рака на 4000 студенти, како што треба да се стави рака и над студентите што се на тетовскиот универзитет.

Ќе го завршам мојот говор со една изрека за жал жалосна како за албанците така и за другите народи на Балканот :" Една гарнитура или еден дел што управува со државата во едно одредено време се обидува и гради тврдина на вредности, доаѓа друг ја разурнува тврдината и гради колиби".

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-динот Жарко Караџоски бара збор процедурално.

Повелете.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе, колеги пратеници,

Од името на пратеничката група барам 30 минути пауза, а ќе образложам и поради што.

Сакаме како пратеничка група да го преиспитаме ставот на нашето учество во денешната расправа и во понатамошниот тек на седницата од причина што во овој момент добивме информација дека во Тетово во овој момент се заземени и стадионот и спортската сала, значи окупирани од радикалните сили на ДУИ, или пак на УЧК, незнам како да ги наречеме, меѓутоа тоа е факт

Значи, додека ние овде дискутираме за легализација на тетовскиот универзитет некој на некој свој својствен начин, сака да направи пред ноќ надвор од овој закон или било кој друг кој се носи во Републикава.

Од тие причини барам 30 минути пауза за да го преиспитаме ставот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Објавувам пауза од 30 минути.

Значи, во 13,00 часот продолжуваме со работа.

(По паузата)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Да продолжиме со работа.

Го повикувам пратеникот Никола Груевски да влезе во салата, бидејќи тој е следниот за збор.

Меѓувреме, за реплика се јави пратеникот Невзат Бејта, повелете, кажете што имате, телвизијата е таму, слушаат и гледаат и јавноста ќе ја чуе репликата. Имате три минути.

НЕВЗАТ БЕЈТА:

Ве поздравувам сите. Ве поздравувам г-дине претседател, почитуван министре.

Жалам што пратениците на албанската позиција не се тука, а репликата ми е насочена на пратеникот Замир Дика, кој цел еден и пол час говореше со намера да ја опструира работата на Собранието, кога денес имаме една многу значајна точка на дневен ред - Предлог законот за основање на трет државен универзитет. Еве, Замир Дика дојде, добро е што дојде.

Денес г-дине Замир Дика, на дневен ред не е оснвоањето на универзитетот на Југоисточна  Европа, туку денес, Замир, на дневен ред ни е законот за основање на државниот универзитет на Тетово. Незнам вие каква храброст имавте да кажете дека денес правиме колиба од универзитет. Ние денес го основаме третиот државен универзитет во нашата држава. Кога говориме за универзитетот на Југоисточна Европа, ние не  сме против него, не сме против неговит епрофесори, не сме против студентите. За да бидеш против универзитетот, значи да бидеш нечовек. Ние сме за тој универзитет да продолжи со својата работа, но тој универзитет е приватен универзитет. Студентите за да се запишат на тој универзитет треба да платат илјада

евра, а денес ние основаме трет државен универзитет, заедно со нашите коалициони партнери.

Господине Дика, ќе ги цитирам вашите реченици кои ги изрековте на Собранието на Чаир пред членовите на Советот. Со вас сакам да поделам и една информација за тоа што нуди Законот за високо образование. Ова го изјавивте во 2000-та година кога го донесовте Законот за приватниот универзитет. Законот за високо образование, членот 95 најпосле се легализираше основање на приватен универзитет, не е фактички универзитет, туку е државен универзитет, со сите ознаки на државен универзитет. 30 јуни 2000 година во весникот "ФЉАКА".

Почитувани колеги, ние денес основаме државен универзитет. Ние денес го основаме третиот државен универзитет во Република Македонија .

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете, реплика од една минут ана г-динот Замир Дика.

ЗАМИР ДИКА:

Добро, г-дине колега, вие значи го потврдувате пристапот што го имавте, пристап дека основаме трет универзитет и толку е вашата дискусија. Што се основа, како се основа, како ќе функционира, какви услови ќе понудите пред студентите, не кажавте ниту еден збор за тоа. И, тоа беше така што еден голем збор се обидуваше да се реши прашањето на високото образование. Сега е факт и ве молам што основате, као го основате, како ќе функционира, со кои средства ќе го финансирате, колку студенти ќе студираат, колку насоки ќе бидат отворени. На ваков начин кој знае што ќе читам за вас по една година, г-дине Бејта. Се андевам дека ќе функционира, бидејки желбата е многу искрена да функционира не еден, два, туку повеќе.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Џевзет Шакири, реплика од три минути.

ЏЕВЗЕТ ШАКИРИ:

Благодарам г-дне претседател.

Со оглед на фактот дека три минути се многу кратки, ќе се обидам накратко да му реплицирам на г-динот Замир Дика, кого со внимание повеќе од еден час го

слушав. Го подржувам, меѓутоа, сепак, треба да му реплицирам во однос на раководството на тетовскиот универзитет. Тоа што го кажа, г-дине Замир Дика, малку ќе се вратам поназад од осамостојувањето на Република Македонија кога ПДП дојде на власт и беше два мандати на власт и не успеа да го легализира тетовскиот универзитет. Тој раководен кадар на тетовскиот универзитет, му остана верен на овој национален проект. Вие потоа дојдовте на власт, не успеавте да го убедите коалициониот партнер да го признае тетовскиот универзитет со овие факултети кои што ги имаме моментално и го формиравте Штуловиот универзитет. Се знае ушт колку години тој ќе биде финансиран од меѓународниот фактор, потоа веќе не се знае од кого ќе се финансира. Меѓувреме и ДУИ нешто се фали дека прави некоја голема работа со легализирањето на универзитетот. Реалноста е сосема на друго место, како едната , така другата или третата албанска партија повеќе бевте верни на вашите коалициони партнери, а не на гласовите на народот. Зашто, доколку го земете овој проект на ДУИ, кој што толку фалат, се гледа само 4 факултети на тетовскиот универзитет се признаваат и во Штуловиот универзитет каде што има само 5 факултети. Се гледа дека сме далеку од бројот на факултетите кои ги има тетовскиот универзитет денес. Затоа, нашата партија, немаме голема сила за да го оспориме вооj закон, меѓутоа сепак, во постојните контакти со раководниот кадар на тетовскиот универзитет ни велеа да гласаме за него, но ги имаме своите критики во однос на ова, ние ќе ги изложиме кога ќе земеме збор и кога ќе дојдеме на ред.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика, г-дине Рафис Алити, повелете три минути.

РАФИС АЛИТИ:

Како прво, ве поздравувам сите и навистина мило ми е што г-дин Замир одржа една политичка дискусија и драго ми е што ние албанците имаме академици, кои можат да држат предавање не од еден час, туку и повеќе. Но, жалам што г-дин Замир е сведок на времето, како што сме и ние другите, останатите за жртвите што ги направи албанското население, за жртвите што ги направија нашите мајки, сестри, за да ги изградат тие колиби, како што рече г-динот Замир. Мило ми е што Замир беше транспарентен и зборуваше за квалитетот или достигањата што ги има на Штуловиот универзитет, за нивото на предавањата и што ги има условите и ние и

благодариме на Меѓународната заедница за сето она што го направила, па ќе беше добро уште еден ваков универзитет да се основ ана некое друго место во Македонија. Но, ние како ДУИ, како политичари од денешното време даваме на значење или пак легализираме она што е наша основа, она што го изградивме со наша пот, со потта на нашите татковци и дедовци и оваа работа ќе биде вака.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Замир Дика една минута.

ЗАМИР ДИКА:

Доколку ме следевте уште подлабоко и повнимателно, ќе видевте дека целата дискусија и сите грижи кои што ги изразуваме за оваа нетранспарентност досега, се прави во име на сите жртввуања. Јас сум свесен за сите жртввуања, за секоја цигла која е ставена во тетовскиот универзитет. И, токму поради овие жртвувања, не сакаме да се донесе проект кој што повторно ќе ја остави нејасна ситуацијата, затоа што целата констукција , била финансиска, била академска е нејасна. Затоа, во име на тоа жртвување, сакам да се разјасни оваа ситуација.  И уште еден друг аргумент, никогаш не сме кажале, морам да кажам , дека има колиби. Јас говорев за вредности. Во Штуловиот универзитет е прифатено дека има изградени вредности од самите академци албанци. Сега, зошто се нарушуваат овие вредности, ког атаму каде веќе основаме нешто ново, зошто да не го инкорпорираме во тие вредности. Тука е таа симболика.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господинот Хусеинџевад Хусеин, повелете три минути.

ХУСЕИНЏЕВАД ХУСЕИН:

Не сакам да се повторувам со моите колеги, сакам да кажам зошто ви доаѓа тешко, г-дине Замире, ние во еден консензус што сме го постигнале, кој што бил добар за тоа време, сега треба да се надмине. Ова е едно добро за сите.

Господине Замир, доколку не се родивте вие, немаше да одите ни во осмолетка, ни во средно, ниту да завршите факултет, па ниту да бидете тука. Сега, станува збор за нешто што треба да има легитимност, нешто ново, но ќе ја земе и одговорноста за себе.

Второ, ме изненадува , се хармонизираат некои ставови кои што се блиски. Навистина, ме изненадува добрата хармонизација на ставови, кои што не се воопшто добро. Опозицијата бара многу, а навистина настапите се многу истоветни. Тоа ме изненадува.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута, г-дине Дика.

ЗАМИР ДИКА:

Уште еднаш, колега, ќе разјаснам , доколку не сте ме разбрале доволно. Ние повеќе не разговараме, кој повеќе, кој помалку, туку зборуваме за тоа Што треба да им припадне на албанците. Друг елемент е дека на албанците не им припаѓа тоа што вие го предлагате. Тоа што вие го предлагате решава само еден дел од проблемот. Ние инсистираме  да направит епоголем притисок и да го постигнете тоа што им припаѓа на албанците, ништо повеќе.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господинот Томиќ има процедурално.

Повелете.

ЗОРАН ТОМИЌ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги,

Она што на оваа говорница беше кажано алармантно дека нешто во моментов во Тетово се случува , сакам јавно да го демантирам и да кажам дека апсолутно во Тетово денеска ништо не се случува. Имено, стануваше збор за настан од пред два дена, каде што навистина имаше одредени нарушувања на јавниот ред и мир, пред се во спортската сала во Тетово. Веднаш да викажам дека лицата се идентификувани, дека спортската сала е вратена на сопственикот и дека вомоментов апсолутно ништо, повторувам, ништо не се случува во Тетово.

Исто така, контактирав и со моите сограѓани вов рска со спортскиот стадион, кој беше спомнат. Во тек се протесни случувања од имотно-правна природа и во таа насока би ги замолил сите колеги пратеници да не создаваат алармантни сосотјби, пред се на меѓуетничка основа, да не дигаат паника и Собранието да продолжи нормално и мирно со работа.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Се извинувам, г-дине Томиќ, но јас исто така добив информација официјална дека ништо не се случува во Тетово и бидејќи ја продолжив седницата, тоа значи дека се е во ред.

Повелете процедурално, г-ин Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе,

Како што кажа колегата Томиќ, ова нешто се случувало веќе втор ден, незнам дали е завршено. Со оглед на тоа што нема никакви информации во медиумите, ние дури денеска добивме некоај таква инфорамција, Жарко Караџоски ја кажа. За да нема дилеми, да нема шпекулации бараме од министерот за внатрешни работи во текот на денот да ни подели информација или да ни даде информација што се случувало. Официјално од Министерството за внатрешни работи, ништо повеќе, за да нема шпекулации, како и тоа што се случува сега, дали е тоа вистина, дали не е. Бидејки, полека се подгрева атмосферата и можеби нема потреба од тоа да се случи.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Во врска со ова процедуралните забелешки ги затворам. Јас ќе го проследам барањето до минситерот да даде инфорамција.

Реплика на Замир Дика има пратеникот Мендух Тачи, три минути.

МЕНДУХ ТАЧИ:

Јас норамлно не се согласувам со г-динот Замир Дика, кој по втор пат не им го спомна на пратениците на ДУИ дека не само колиби или незнам што друго да кажам. Едноставно, не го градат тетовскиот универзитет. Уште еднаш повторувам, тие си ги градат своит еколиби.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Реплики повеќе нема.

Јас се извинувам минатиот пат после Замир Дика, го прочитав г-динот Агим Џелили, па затоа збор има г-динот Агим Џелили, а г-динот Никола Груевски ако дојде до крајто на говорот , тогаш тој е на ред.

АГИМ ЏЕЛИЛИ:

Дами и господа, почитувани колеги, пратеници, почитуван претседателе,

Со распадот на СФРЈ и осамостојувањето на Македонија се создадоа нови услови околу школувањето на високото образование на албанците, иако живееја во многу лоши социјални услови, еден многу мал број на албанците можеа да продолжат со школувањето на сите универзитети на свој не мајчин јазик, освен на Приштинскиот универзитет, кој што беше навистина многу оптоварен и без финансиска подршка. Во овие услови се дојде до иницијатива од граѓаните за формирањето на тетовскиот универзитет.

Почитувани колеги, до колку сакаме да размислуваме за иднината, треба да инвестираме во денешнината. Денешнината е дека со официјализирањето на тетовскиот универзитет дефинитивно се докажува политичкиот сенс, кој што решил да ги реши сите овие граѓански иницијативи, кој што ги нуди оваа држава, а пред се меѓуетничка хармонија и почитување на позитивните вредности во сите области од живото, тргнувајќи од културата, науката и образованието, како и обврските кои што произлегуваат од Охридскиот договор. Од денес албанцит еповеќе не се граѓани од втор ред или пак приватен народ, туку тие се составен дел на системот, образовниот , научниот, рамноправни со Универзитетот во Скопје, во Битола, Штуловиот унверзитет и другите универзитети во светот. Приоритети на универзитетот се во прв ред да се подобри образовната структура на населението. Според статистичките податоци од 2002 и 2003 година вкупниот број на албанците студенти регистрирани на државните универзитети во Македонија е 488, што значи 6,6 од вкупниот број на регистрирани студенти. Но, сега, со официјализирање на оваа институција ќе се образуваат потребни кадри за осмолетки, за средното образование, а особено во рурарните средини, каде што е потребно или има потреба од вакви кадри. Треба да се подигне на повисоко ниво развојот, економската рентабилнсот, како и техничко-технолошките потреби на малите и средни претпријатија како наша цел од стратешки аспект за развојот на  Република Македонија  со отворање на нови работни места.

Почитувнаи коелги, ќе придонесе за интегрирање на Макеоднија во сите структури, евроатлански структури, бидејки само рамноправни граѓани, образувани

граѓани, научно докажани, можат да придонесат за позитивна енергија, во прв ред да се почитува, да се зачува идентитетот , но бездруго, подготвени за почитување на културата и традицијата на другите.

На големиот пазар на трудот во Европа ние нема да конкурираме само со физички работници, како што беше досегашна практика, туку ќе понудиме значајни образовни работници. Без овие вредности, Македонија ќе има многу големи проблеми во интегрирање. Треба да имаме предвид дека во рамките на овој Парламент, како и надвор од него, на еден начин се сака да бидат половични правата на албанците во однос на позитивните елементи, законот и Уставот, како и конвенциите што се прифатени од овој Парламент.

Почитувани пратеници, и листата на барањата на албанците произлегува од овие институции. Велам Охридскиот договор, Законот, Уставот, меѓународните конвенции ратификувани во овој Парламент. Според тоа, колку побрзо овие барања ќе се инкорпорираат во позитивните закони на Република Македонија, толку побрзо Македонија ќе аплицира во Европската Унија и во другите евроатлански структури.

Почитувани колеги, од денес отвораме нова страница во историјата на оваа држава, дефинитивно градиме нова стратегија и отвораме нови патишта на развојот, што ќе ги понуди Тетовскиот универзитет кој ќе биде отворен за сите.

Затоа, апелираме да гласате за овој Предлог закон, бидејќи нема да погрешите.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Џелили.

Реплика, повелете господине Замир Дика, имате три минути.

ЗАМИР ДИКА:

Благодарам господине претседател, почитувани колеги,

Изгледа дека сите дискусии на колегите од ДУИ ќе бидат во овој дух. Јас би сакал да бидете малку попрецизни, поконкретни, кажете што се прави, како ќе се направи тоа. Ќе ви кажам нешто, почиуван колега. Вие рековте дека ова прашање го решава прашањето на високото образование на албанците. Јас мислам дека албански дипломец не би можел да каже дека со ова се решава образованието на албанците. Еве ги аргументите. Од студијата на ОЕЦД од 2003 година се студира целото високо образование на Тетовскиот универзитет, Штуловиот универзитет и на другите државни универзитети. Се вели вака: во 2001и 2002 година на природните науки и технологијата ниеден албанец не е вработени на државните универзитети. Исто така и на Земјоделство, Архитектура, Медицина, Фармација исто така, а вие

тука предлагате социоекономски науки. Немојте да кажете дека со ова се решава високото образование.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ако може да зборувате малку пополека, затоа што не може да се стаса со преводот.

ЗАМИР ДИКА:

Уште еднаш да бидам јасен. Во областа на природните науки во 2002 година и Земјоделство, во согласност со ОЕЦД на државните универзитети нема ниеден запишан албанец, на Медицина, Фармација, што ќе се случи со овие ограноци, со овие насоки од кои има потреба албанскиот народ тука. Што ќе се случи со архитекти, градежници, машински инженери, значи што со овие дисциплини. Вие не претендирате со овие факултети, со истите насоки и дисциплини од Штуловиот универзитет ние денес би го решиле високото образование на албанците. Затоа и нашите критики се насочени кон тоа дека со ова се стеснува образовниот простор на албанците.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете една минута, господине Џелили.

АГИМ ЏЕЛИЛИ:

Почитуван Замир Дика,

Ние се обидуваме да не го направиме тоа што го направивте вие. Вие бевте на власт четити горини, имавте време да ги решите овие прашања за кои ние се обидуваме сега и за кои ќе се ангажираме да има едно реално претставување. Бидејќи ние го бараме тоа и тоа ќе го направиме, ќе го направиме она што не го направивте вие.

Што се однесува до претставувањето на насоките, мислам дека вие треба да имате малку трпение и мислам ќе го имате тоа трпение и ќе се потврдите за вредностите на овој универзитет, затоа што ние ќе ги отвориме сите предмети кои се потребни за интегрирањето на Македонија и на албанците во евроатланските структури. Само заради информација, навистина, формираме и основаме насока за прехранбени работи...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Истече една минута господине Џелили.

Повелете господине Зиди Џелили три минути.

ЗИДИ ЏЕЛИЛИ:

Почитуван претседателе, почиувани дами и господа,

Заради јавноста, да не се манипулира со терминот легализирање на Тетовскиот универзитет реплицирам да објасниме некои дилеми и јавноста да биде добро информирана. Значи, констатација на сите е дека не станува збор за легализирање на Тетовскиот универзитет поради тоа што Тетовскиот униерзитет има едно минато од 10 години, има свој историјат што го елаборираше многу добро господинот Абдулади Вејсели. Со средствата што се нудат, со дисциплините кои се учат на Тетовскиот универзитет кој што сега ќе се основа, со просторните можности и без проект, со она што остануваат десет илјади студенти, од неможноста да им се овозможи да ги потврдат знаењата, значи тоа е едно половично прашање, прашање кое ќе донесе уште повеќе проблеми, а нема да го реши проблемот на високото образование на албански јазик. Значи десет илјади студенти кои нема да можат да ги потврдат своите знаења туку со член 198 од Законот за високо образование остануваат сеуште проблем на оваа Влада, остануваат проблем на ова општество, што значи нам ќе ни се појават проблеми. Затоа, да не се манипулира со јавноста дека се легализира Тетовскиот универзитет.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Контра реплика една минута, повелете господине Агим Џелили, една минута.

АГИМ ЏЕЛИЛИ:

Навистина драго ми е, господин Џелили, загрижен е за финансиските проблеми на Тетовскиот универзитет, но мислам дека господинот министер добро елабораше дека Тетовскиот универзитет ќе се финансира од државниот буџет и обврските на државата се под ингеренции на Владата, па мислам дека имаме време да разговараме за ова.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Реплика за господинот Џезаир Шаќири, три минути.

ЏЕЗАИР ШАЌИРИ:

Сакав поконкретно да ги прашам господата од ДУИ, за да не се збуни јавноста со нивните зборови, да не бидат политички говори: што ќе стане со Тетовскиот универзитет, дали ќе ја има истата автономија како што ја има Битолскиот и Скопскиот универзитет, кога имаме предвид дека Медицинскиот факултет за кој толку имаме потреба ние албанците, сега за сега не е легализиран. Заради илустрација да дадам еден пример. Во Струга, Битола, Дебар, Кичево, Тетово, Скопје, Куманово, колку лекари албанци имаме во овие болници, а во 4 болници во Скопје имаме само десетина албанци вработени. Земете ја гинекологијата во Чаир,

само директорот е албанец. Дали ќе го има истиот статус Универзитетот во Тетово во однос на Битолскиот и Скопскиот, значи правото на автономија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Дика, процедурално.

ЗАМИР ДИКА:

Благодарам господине претседател. Можеби некој од колегите пратеници знаат, имаше еден смртен случај, почина таткото на колегата Илијаз Халими. Сега информацијата е дека погребот ќе биде во 14,20 часот, па затоа ве молиме доколку може паузата сега да почне и да ни дадете еден час повеќе, значи во 15,30 часот да можеме да се вратиме, да одиме во Тетово, да заврши церемонијата и да се вратиме. Затоа, доколку има можност сега да почне паузата, затоа што погребот е во 14,20 часот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Прво да завршиме со репликите, ако има уште реплики.

Нема реплики.

Тогаш објавувам пауза од два часа, значи продолжуваме во 15,30 часот.

(Пауза од 13,35 до 15,35 часот)

Бидејќи се создадени сите услови, продолжуваме со работа.

Господинот Никола Груевски не гледам дека е присутен, следен за збор е господинот Неждет Мустафа, а по него е пратеникот Весна Борозан.

НЕЖДЕТ МУСТАФА:

Почитуван претседателе, почитуван министре, колеги пратеници,

Денес сакам навистина да ја искористам можноста да дискутирам за Државниот универзитет кој треба да се основа во Тетово и во тој поглед навистина сакам да говорам  за Универзитетот како универзитет на граѓаните на Република Македонија, без манипулирање со идејата дека тој е таков или ваков универзитет, на оваа или онаа заедница. Јас навистина верувам дека во содржината на мојата дискусија нема да се најде ниту една политичка партија, ниту пак пратеник на кој би сакал да направам влијание на неговата дискусија, ниту пак да се карам со некој од пратениците во однос на ставовите што ќе ги изнесам како политички став на мојата политичка партија.

Во секој случај, навистина сакам целосно да го респектирам мислењето за проектот за основање на Универзитет во Тетово, само со неколку акценти дека овој универзитет во Тетово е универзитет за децата, младинците, студентите од сите

заедници во Република Македонија, токму заснован и врз Рамковниот договор, бидејќи тоа не е бакшиш или подарок за било која заедница, туку тоа е нешто што го определува овој Устав на Република Македонија, односно за она што беше доста конфликтна ситуацијата во Република Македонија, она што го гарантира Рамковниот договор.

Во таа смисла, ќе се задржам само на содржината на мислењето по проектот за основање на Универзитет во Тетово, каде во точката 1 сметам дека тоа е доста непрецизен термин и задира во очите на другите заедници, да кажеме лично на мене, каде што се спомнува дека иницијативата за Државниот универзиртет во Тетово е заснована врз основа на желбата на припадниците на албанската - има “и другите заедници од Република Македонија”. Сметам дека зборовите “од желбата” треба да се корегираат, бидејќи ова Собрание и Уставот на Република Македонија не исполнува желби, туку Уставот на Република Македонија се обврзува да ги оствари своите начела што се засновани врз основа на тоа што се определија граѓаните на Република Македонија.

Токму заради тоа сметам дека Министерството за образование, а министерот за образование го гледам со висок респект за неговиот досегашен ангажман, особено заради неговиот слух за ромската заедница, со кој имаме доста блиска соработка и се надевам дека за еден краток период, во наредниот период, ќе има и доста практични реализации во однос на подобрување на образовната структура на ромите во Република Македонија.

Во однос на Државниот универзитет во Тетово, јас навистина верувам дека ќе се оствари теоретскиот дел дека сразмерно ќе бидат застапени и припадниците на другите заедници, што значи дека досегашните искуства на универзитетите во Република Македонија покажуваат дека се немало сериозен слух и желба да се помогне ромското образование, односно да се помогне образовниот стандард на Ромите во Република Македонија, секогаш се имало предрасуди и сегокаш во границите на тие предрасуди ромската заедница останува така во незавидна состојба.

Исто така, би сакал да се задржам на истиот текст на мислењето за проектот за основање на Универзитетот во Тетово, на точката 2. Мене и на мојата заедница навистина ни е преку глава со пежоративните теоретски изразувања на еднаков пристап кон сите граѓани кон државните високообразовни установи со употреба на македонскиот јазик и јазиците на заедниците, во согласност со законот. Сметам дека за такви пежоративни теоретски текстови во однос на мислења или закони, треба

сите да заземеме практичен став дека ромите во Република Македонија немаат право да го задржат нивното успорено образование, а дефакто ситуацијата во Република Македонија тоа го докажува, бидејќи според сите евидентни статистики образованието на ромите се наоѓа во една таква состојба што сите ние треба да бидеме загрижени за помош на ромските деца во Република Македонија. Сметам дека та би било некоректен однос, да очекувате дека тоа е грижа или треба да биде грижа само на ромската заедница, да се помогне на ромското образование.

Токму во овој контекс, во точката 2 - и во овој дел сакам да апелирам, кога веќе Собранието на Република Македонија и Владата на Република Македонија се ангажираме да основаме универзитет на граѓаните на Република Македонија во Тетово, или пак тоа може да биде и во Шуто Оризари, сметам дека поддеднакво треба да се ангажираме за тешката положба на образованието на ромите во Република Македонија. Кога денес се бориме и сакаме да го основаме овој универзитет, се поставува прашањето дали навистина неможеме да им помогнеме на ромските деца за еден буквар или за основен школски прибор, а нивните родители за да ги одржат тие деца, за да одат во училиште, бараат во кантите за отпадоци, за да можат да опстанат и да им обезбедат храна на тие нивни деца, се со цел да ги запишат во училиште или да ги остават на улица да просат во борбата за егзистенција.

За ваквата многу незавидна состојба на ромскиот народ во Република Македонија, почитувани колеги пратеници, почитуван министре, од овој момент сметам дека ќе посветуваме многу сериозно внимание на образованието на ромските деца и ќе се ангажираме преку подрачните единици на Министерството за образование да му се помогне на ромскиот народ, на ромските деца во обезбедувањето на основен прибор, буквари и друг прибор потребен за следење на наставата.

Универзитетот во Тетово мене ми дава право тука пред вас да се запрашам дали можеме, односно може ли ромскиот народ да поверува на пратеницие на Собранието на Република Македонија на министерот за образование, да поверува дека ќе се создадат поповолни услови и ќе се создадат дополнителни можности за образованието на ромските деца. Сакам навистина да ви кажам дека надвор од интересот на Собранието, односно на Министерството за образование, ромските деца не можат да најдат интереси за подобрување на својата образовна структура. Инаку, во обратен случај, кај мене ќе остане еден силен впечаток дека во Република Македонија толку се оглушуваат на ромското прашање воопшто, што се остава

впечаток на една силна дискриминација на ромската популација во оваа наша држава.

Во однос на таквата актуелност на образованието на граѓаните на Република Македонија, сакам да придадам едно значење и да кажам дека неможеме да очекуваме од тие сиромашни луѓе кои живеат во супстандардни живеалишта, 90% од ромското население се без работа, дека тие сами ќе можат да си помогнат на своите деца за да ги едуцираат. Токму таму е прашањето до Министерството за образование да се ангажираме, на ромските деца во основното образование да им создадеме апсолутно дополнителни финансиски можности, за да можеме да го отвориме фронтот за едукација на ромите во Република Македонија. Сметам дека ќе ме оправдате, дека необразованието на било кој граѓанин во Република Македонија не е штета на таа заедница на која припаѓаат, туку тоа е штета на таа заедница односно државата која воопшто не се грижи за ромската заедница за унапредување на нивното образование.

Јас убеден од оваа говорница дека кога веќе придаваме и гласно говорам дека ќе го поддржам ова мислење за проектот за основање на универзитет во Тетово сé со надеж дека таму ќе се создаваат дополнителни можности за ромската популација да влезат во уписите врз принципот на позитивната дискриминација на што се повикува и Рамковниот договор. И од оваа говорница навистина сакам да се уверам дека министерот за образование доследно забрзано ќе го спроведе барањето на општината Шуто Оризари во наредниот период да кажеме, пролетниот период да се ангажираме сите заедно да изградиме едно средно училиште како единствена можност за подобрување на едукативниот кадар на Ромите.

Почитувани колеги пратеници,

Јас навистина сакав да бидам краток и концизен и да допринесам во однос на оваа наша заедничка иницијатива со желба да испаднеме од манипулациите дека ние градиме универзитет само за албанците, дека тоа не е универзитет само за албанците, дека тоа е универзитет на граѓаните на Република Македонија. Но, повторно сакам на крајот да потенцирам, дека во иста мера ќе се ангажираме сите да ја подобриме и образовната структура на Ромите во Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор госпоѓа Весна Борозан.

ВЕСНА БОРОЗАН:

Почитувани,

Образование, пари, политичка моќ. Привлечноста на овие цели доаѓа од нивната тешка достапност. Колку е целта потешко достапна, толку е попривлечна. Притоа, не случајно градацијата ја започнав од образованието и притоа не мислам на основното, или средното образование чија достапност на мајчин јазик претставува основно човеково право, туку мислам на високото образование. Високото образование во овој случај ќе се сложам со мислењето на мојот почитуван колега Кедев, треба да даде надградба на основните знаења, треба некому да му даде професија и да го оспособи за живот, за пристоен живот. И притоа мое лично мислење е дека високото образование нема многу голема тесна поврзаност со националните прашања, поготово не со националистичките ставови. Во пазарното стопанство ќе постигнете онолку пари колку што вреди вашата стекната вештина, колку што вреди вашиот труд, вашата истрајност во работата. Државата е таа која што треба да обезбеди услови, односно да го приближи високото образование до младите луѓе, до младите граѓани, а ако некој кој што живее во Македонија смета дека студирањето на тетовскиот универзитет на албански јазик ќе му ги даде токму потребните вештини кои што ќе го обезбедат за добар живот, меѓутоа во Македонија, тоа е негово право. Јас немам намера да го спорам тоа такво право, можам само да го поддржам.

Каква е ситуацијата во поглед на високото образование во Република Македонија. Имено, во државата Македонија работи Универзитетот Свети “Кирил и Методиј” една голема институција, почитувана, независна во својата положба со 24 факултети, 10 истражувачки институти, навистина привлечна положба и привлечна институција. Исто така, Универзитетот “Свети Климент Охридски” мислам дека функционира во моментов со 5 факултети, тоа е еден универзитет во подем, поготово во поглед на техничките науки онаму каде што имам информации и она што ми е блиску. Ќе го спомнам и Универзитетот на Југоисточна Европа. Овој е сега засега приватен универзитет, меѓутоа според моите информации универзитетот е многу популарен помеѓу младите од сите националности, не само кај младите од албанската националност. И со денешниов закон се понудува основање на државен универзитет во Тетово со 4 факултети и една висока стручна политехничка школа. Се претпоставува дека во најголем процент наставата на овој универзитет ќе се одвива на албански јазик. Се очекува од универзитетот, барем јас така гледам на основањето на овој универзитет дека тој ќе ја подигне разновидноста на понудата за високо образование во Македонија и нешто што го сметам за многу важно, очекувам

дека овој универзитет ќе ја подигне конкуренцијата во високото образование, во понудата на високото образование во Македонија. Во секој случај универзитетот ќе биде успешен само ако успее да ги доближи благодетите на високото образование до што поголем млади луѓе во државата без разлика на националноста. Инаку ќе бидам лично среќна, ако основањето на овој универзитет заради конкуренцијата ги поттикне останатите два државни универзитети во државата да направат, да ги забрзаат реформите кои се во тек на универзитетите, да предложат нови наставни програми, наставни програми кои што ќе бидат усогласени со европските стандарди, со европските начини на студирање, да не ја спомнувам Болоњската декларација итн. Меѓутоа она што е најважно дека ќе ги поттикнат универзитетите во Македонија да направат наставни програми според потребите на пазарот на трудот во Македонија. Имено, високото образование е стока која што се продава, а ние во нашето општество одлучивме да ги разбиеме монополите од секаков вид, па и монополот во образованието. Имено, и дури кога универзитетот е државен и кога наставата е поддржана финансиски, студирањето е поддржано финансиски од државата, сепак студирањето не е безплатно. Меѓутоа она што е уште позначајно студентите во текот на студирањето го трошат своето време, својот труд и што е најважно да се потенцира ја трошат својата единствена шанса во животот да бидат образовани на вистински начин и да бидат оспособени за живот на еден вистински начин. Државните факултети, универзитети, имаат смисла ако бидат способни да продуцираат кадри кои со своето знаење, со својата професија ќе обезбедат пристоен живот. Оној универзитет кој што ќе ја понуди ваквата перспектива на студентите треба да биде одбран од нив на принцип на конкуренција. Затоа јас од овие побуди ќе го поддржам законот за основање на тетовскиот универзитет затоа што сметам дека конкуренцијата води кон прогрес во секој случај. Меѓутоа, мојата поддршка ќе оди само под еден услов, а тоа е регулативата. Имено, во пазарното стопанство колку што е поголем степенот на либерализација на пазарот односно на конкуренцијата, толку се бара посериозна, подлабока регулатива која што ќе ги насочи условите на вршењето на дејноста. Во тој поглед некаде во мај оваа година во Службен весник на Република Македонија беше објавен Правилник за нормативите и стандардите за основање на високо образовни установи и за вршење на високо образовната дејност. Правилникот содржи нормативи за вршење на дејноста како што се просторни услови, опременост, бројот на потребни наставници и соработници и нивни квалификации и меѓу другото, она што е важно, ги утврдува и

стандардите, одредува и стандарди за утврдување на студиската област која што ќе се обраборува на одредениот факултет, односно универзитет.

Лично сметам дека должноста на Владата и на институциите задолжени за евалуација и следење на квалитетот на работата на универзитетот е не само да го надгледува спроведувањето на овие нормативи, туку и да ги продлабочува и да ги усогласува со европските стандарди. Само на тој начин ќе се овозможи квалитетно високо образование во Македонија, а не како што во моментов некој се обидува тоа да го направи по пат на улични протести.

Жал ми е што морам на крајот на својот  збор ова да го спомнам, бидејќи јас како педагог, како универзитетски професор и како родител секогаш настојувам и секогаш сум на страната на студентите. Меѓутоа, овој пат политизираноста на студентите не ја префрлам како нивна вина, туку сметам дека таа е резултат на желбата, на борбата за власт на некои структури. Исто така, за волја на вистината сметам дека е и резултат на нечии младешки амбиции да се дојде што побрзо до политичка моќ, прескакајќи го притоа можеби тешкиот пат на макотрпно стекнување на знаење, образование, работа за да се напредува во животот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор госпоѓата Марија Којзеклиска.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Почитуван претседателе, претставници на Владата, почитувани колеги пратеници,

Она што денес и вчера го дискутираме на овој Парламент и ги образложуваме аргументите, на крај сепак ќе ја добие поддршката на парламентарното мнозинство. Но должност на опозоцијата е пред пратениците и пред јавноста да ги изнесе сите аргументи потребни за да се добие вистинска слика за она што го дискутираме денес. Истовремено би сакала да ја предупредам позицијата дека  се она што ВМРО-ДПМНЕ го кажува како аргумент, или контра аргумент, не значи дека ја искривува реалноста и ги доведува и јавноста и граѓаните во заблуда како што многу од колегите тука сакаат да го претстават тоа. Значи, да расчистиме со таа работа.

Основна причина поради која министерот за образование и наука господинот Азис Положани стана министер од редовите на политичкото крило на терористичката ОНА во Владата на г. Бранко Црвенковски и кој вчера ја преживеа

интерпелацијата поднесена од мојата пратеничка група е токму денешната точка на дневен ред, односно Предлогот за донесување на закон за основање на државен универзитет во Тетово. Неговата работа исклучиво како што беше и образложено од пратениците во текот на вчерашните дискусии по повод интерпелацијата е токму овој закон. И оваа работа, работата на министерот се одвиваше пред се во остварување на две конкретни цели од доаѓањето како министер за образование и наука.

Првата цел е, насилно формирање на исклучиво албански паралелки ширум Македонија.

И втората цел е, легализирање на така наречениот парауниверзитет. Во првата можеби речиси и можеби и речиси успеа. Додека вториот дел за легализирање на така наречениот парауниверзитет, министерот ако не денес, ако не утре, сигурно во понеделник ќе го оствари доколку како што некои од колегите во вчерашната дискусија рече дека нема да се најде, доколку не се најде маж во Парламентот, или пак евентуално во Владата за да го повлече овој Предлог за донесување на закон, а во Парламентот за да гласа против овој закон.

Би сакала да им поставам на колегите пратеници неколку прашања, посебно на пратеничката група на Демократската унија за интеграција. Дали тие конечно сватија дека токму со образование се придонесува за јакнење на стручниот, интелектуалниот, научниот потенцијал во општеството на кое толку сите се повикуваат и воопшто за равој на државата, а не со војна. Значи, тоа е првото прашање.

И второто прашање, дали сметаат дека токму со легализацијата на овој така наречен парауниверзитет припадниците на албанската заедница конечно ќе ги остварат своите права на високо образование кога се знае и бројот и видот и структурата на студентите кои студираат на овој така наречен парауниверзитет. Верувам дека одговорот на овие прашања сигурно ќе ги вознемири колегите од ДУИ, ама ќе ги изнамачи и нив да ме убедат мене и јавноста во нивните претпоставувам доста провидни одговори.

Во образложението ќе се вратам на Предлогот за донесување на закон за основање на тетовскиот универзитет и во образложението повеќе пати, ако сте прочитале ќе видите дека се спомнуваат термините: кадар, вработување на високо стручен кадар, подобрување на образовната структура на населението. Сметам дека токму и тука лежи една од причините за легализацијата на овој така наречен парауниверзитет, затоа што од него се разбира без најмал интелектуален напор на

крајот ќе дојдеме до тој толку посакуван така наречен кадар. Ова го велам од добро познатите причини и состојби во државната администрација и правото на правична застапеност на заедниците во државната администрација која на крајот ќе има така наречени кадри како форма, меѓутоа без содржина и без квалитет.

Почитувани пратеници, дали вие навистина сте убедени дека со ваков кадар произлезен од така наречениот парауниверзитет, ние ќе имаме подобрување на образовната структура на населението, понатаму ќе имаме подигање на научно технолошкото ниво и со тоа на крај ќе обезбедиме севкупен развој на општеството. Јас лично не верувам, а имам и добри аргументи за тоа. Еден од нив е фактот што на крајот после неколку дневна расправа сигурно како што реков ќе се изврши легализација на овој така наречен парауниверзитет и негово финансирање од страна на државата. Меѓутоа ако сте забележале во Предлогот за донесување на закон за основање на државен универзитет, често пати е спомната форма на граѓанска иницијатива. Ова било форма на граѓанска иницијатива? Сега кажете ми почитувани колеги пратеници во која европска земја така наречена форма на граѓанска иницијатива станува универзитет, во која европска земја оваа така наречена форма на граѓанска иницијатива се финансира од државните пари. Дали воопшто постои таква европска земја. Јас не верувам, иако колегите пратеници од ДУИ така европски се ориентирани, ама ете, нема земја во Европа каде што постои такво нешто. И со изборот на факултетите и студиските програми упорно се инсистира лицата кои досега ја посетувале оваа форма на граѓанска иницијатива да го продолжат и да го легализираат своето  образование кое е стекнато токму во таа форма на граѓанска иницијатива. Ова не значи ништо друго, туку омаловажување до крајни граници на сите останати надлежни институции во Република Македонија што значи дека Владата дефинитивно се изгуби во реализирањето на желбите на оваа заедница на штета на останатите граѓани на Република Македонија.

Вториот аргумент е толку веќе повикуваното решение на Рамковниот договор, 6, став 2 во кое се вели дека, ќе го цитирам уште еднаш: финансирање од страна на државата ќе се обезбеди за високо образование на јазиците на кои што зборуваат најмалку 20% од населението во Македонија, а врз основа на посебни спогодби. Ако ова е веќе така и ако овој Рамковен договор веќе е инкорпориран во амандманот ВИИИ со кој се изврши замена на одреден член во Уставот на Република Македонија, значи станал составен дел на правниот систем во Република Македонија, тогаш мислам дека решението ни е тука пред сите нас, а тоа е државата да го продолжи финансирањето на универзитетот на Југоисточна Европа и да

престанат веќе да се прават експерименти со високото образование на албанците во Република Македонија кога веќе таква институција функционира и егзистира.

Од друга страна ако се направи анализа за можностите за стекнување на соодветни знаења од областа на високото образование и воопшто целта на високото образование, ќе дојдеме до сознание дека македонците во Република Македонија може да се стекнат со високо образование на Универзитетот "Св.Кирил и Методиј" во Скопје и Универзитетот "Св.Климент Охридски" во Битола и на Универзитетот за Југоисточна Европа во Тетово. Додека пак албанците може да се стекнат со образование на Универзитетот "Св.ирил и Методиј" во Скопје, Универзитетот "Св.Климент Охридски" во Битола, преку квотите кои постојат за нив, на Универзитетот за Југоисточна Европа и на Педагошката академија која има третман на универзитет затоа што има пет-шест катедри кои се на ранг на факултетски знаења и каде се учи албанскиот јазик и студентите се здобиваат со дипломи за професори. И петтиот, а тоа е оваа форма на граѓанска иницијатива која денес сакаме да ја легализираме. Значи имаме однос три за македонци и пет за албанци, а велиме позитивна дискриминација. Позитивна дискриминација, да, ама за кого.

Кога сме веќе кај сите овие аргументи би сакала да и укажам на Владата за нејзиното непримерно однесување кон целата македонска јавност која личи на подигрување со чувствата на македонците и на граѓаните на Република Македонија.

Ова ќе го започнам со на сите нас познатите настани во Мала Речица кои се случуваа при формирањето на овој парауниверзитет, тогашен, па после станало форма на граѓанска иницијатива и на крајот незнам што е веќе, кога тогашниот, а и сегашниот премиер господинот Бранко Црвенковски спроведе насилство со употреба на сила во Мала Речица, а со тоа и образа на национална или на етничка основа, за денес да не убедува дека постоењето на овој таканаречен парауниверзитет, покрај Штуловиот универзитет или Универзитетот за Југоисточна Европа дека мора да се легализира. Од друга страна пак легализацијата на овој таканаречен парауниверзитет почна во моментот кога одредени лица ја окупираа зградата на Тетово Табак, значи малку поодамна, не денес, каде што тече денес, таканаречен образовен процес, додека пак во исто време министерот за внатрешни работи ноншалантно се однесува кон оваа ситуација и бара или чека некоја судска разврска иако знае и тој и јавноста дека вооружени лица се шетаат по имотот на Тетово Табак, при постојни институции на власта, односно полицијата.

Сервилноста кон албанската заедница покрај тоа што доаѓа од Владата, загрижувачки доаѓа и од многу други институции, како што е на пример Одборот за

акредитација на високото образование чии претседател е господинот Тито Беличанец. Имено кога се донесуваа измените и дополнувањата на Законот за високо образование, господинот Беличанец, тогашен, а и сегашен претседател на Одборот за акредитација на високото образование, тогаш даваше оценки дека не било дискутабилно прашањето од кои книги ќе се учи или кој ќе им предава на студентите, туку поради квалитетот на студиите и можноста, дипломите од таканаречениот парауниверзитет, да им парираат на студиските програми на останатите два универзитети. Поради тоа господинот Беличанец натаму велеше дека дипломите од овој таканаречен парауниверзитет не може автоматки са се признаат и не би можело експресно да се легитимира овој, таканаречен парауниверзитет, како државен универзитет, освен, ако не станува збор за политичка одлука.

Според оценката на господинот Тито Беличанец прашањето на високото образование, зборувам во контекст кога беа измените и дополнувањата на Законот за високо образование, велеше дека високото образование на албанците би можело да се заокружи со проширување на Универзитетот за Југоисточна Европа, а не задолжително со отварање на нов и тоа државен универзитет, како првична замисла, всушност и првичната замисла, Штуловиот универзитет да се финансира од државни пари.

Понатаму според неговите зборови, со нов државен универзитет дополнително би се оптоварил буџетот на Република Македонија кој и така не бил доволен за постојните два универзитети и од година во година се намалува. Сега, после измените и дополнувањата на Законот за високо образование, кои беа некаде јули месец, од Одборот за акредитација на високото образование, ние имаме добиено мислење, сите колеги имаат добиено мислење, по проектот за основање на универзитет во Тетово, во кое мислење се вели дека потребата за основање на овој универзитет е како резултат, односно имајќи ги предвид нараснатите потреби за образование на младата генерација, пред се желбата на припадниците на албанската и другите заедници, да го продолжат своето образование во државните високообразовн установи, на свој мајчин јазик. Значи овој пат мислењето е позитивно, што секако наведува на мислење дека се работи и на заклучок, не само на мислење, и на дефинитивен заклучок дека се работи за политичко влијание при донесувањето на ова мислење од страна на Одборот. Повеќе од очигледно е дека паѓаат во вода сите овие објаснувања на Владата, дадени во предлогот како што се развој на терцијално образование, во правец на подобрување на образовната

структура на населението, за подигање на научно техничко ниво и за обезбедување на севкупен развој на државата, кога на крај се се сведува на политичка одлука. Значи излегуваат на површина условувањата што ДУИ ги има направено и наложено на СДСМ, во преговорите при коалицирањето за Владата, каде јасно се гледа дека, барем во денешна перспектива, легализацијата на таканаречената форма на граѓанска иницијатива или на таканаречениот паруниверзитет, или на таканаречениот малоречански универзитет, покрај многуте други за кои допрва ќе слушнеме, сигурно биле услов за влез во власта.

Ако веќе толку сме загрижени за сите наши студенти, тогаш зошто Владата на РМ, а со тоа и премиерот Црвенковски не презеде ништо за намалување на огромните трошоци за студирање на постојните универзитети, туку дозволи неколку илјади студенти, меѓу кои најмногубројни се студентите од источниот дел на Македонија, да студираат во соседните земји, посебно во Бугарија.

Овде доаѓаме до иницијативата за отворање на универзитетот во Штип каде постојат и реални услови и реални можности и традиција за негово отварање, токму заради се она што претходно го наведов, а кое беше така грубо, како иницијатива, отфрлена во јавноста, не баре е ерес. Навистина, невидена хипокризија и лицемерност од страна на Владата на Република Македонија.

Може ли нкој овде присутен, а и во јавноста да поверува во тезата дека легализацијата на таканаречениот параруниверзитет, ќе оствари меѓуетничка функција. Никој досега ниту видел, ниту почувствуал, во Република Македонија, со ниедна постапка, од осамостојувањето до денес дека колегите од албанската заедница покренале некаква иницијатива за меѓуетничка интегративна функција. Напротив ние постојано се соочуваме со процесот на сегрегација кој процес континуирано се одвива последните 13 години, за и сега на Владата, каде што егзистираат претставниците на ДУИ, дека токму со овој парауниверзитет односно негова легализација, ќе се оствари таа меѓуетничка интегративна функција.

Ставањето на предлогот за донесување на закон за основање на државен универзитет во Тетово, предизвика и сеуште предизвикува реакции, особено, како што наведов и вчера кога барав да се симне точката од дневен ред, во студентската и средношколската популација, кои денес протестираат против легализацијата на овој таканаречен парауниверзитет. Бројот на учесниците во овој процес би бил многу поголем, доколку Владатsа со познатите методи на присила и закана го оневозможува гласот на размислување или размислувањето со сопствена глава на

студентите и на средношколците како учесници, да присуствуваат токму на овој протест.

Во контекст на ова ќе ви цитирам дел од укажувањето на државниот секретар во Министерството за образование, д-р Зоран Поповски во кое се вели:

“Ве потсетуваме на обврската преземена пред неколку месеци за безусловно и редовно изведување на наставата и оневозможување на политичка манипулација со учесниците од средните училишта. Заради тоа ќе биде неопходно преземање на превентивни мерки за да не дојде повторно до нарушување на воспитно образовниот процес. Во овој момент е важно да се укаже на евентуалните последици кои би настанале, до колку наставата не е редовно следена од страна на учениците и редовно изведувана од страна на наставниот кадар. Воедно укажуваме на потребата од перманентна активност во средните училишта, насочена кон јакнење на взаемната доверба помеѓу учениците и наставниците, независно од рационалната, верската и друг вид на припадност. Нарушувањето на наставниот процес и политизацијата на средношколската младина, ќе го сметаме за пропуст, предизвикан од ненавремено преземените превентивни активности, со надеж дака најсериозно ќе го сфатите нашето укажување и ќе ги преземете соодветните мерки”.

Срдечно ве поздравува државниот секретар д-р Зоран Поповски.

Ова дефинитивно значи уште едно замолчување и спречување на иницијативата за сопствено размислување, токму на оваа популација, на средношколската и на студентската популација, со оглед на тоа дека тие претставуваат и иднина на Република Македонија.

Вака како што е поставено навистина не гледам дека ова претставува, некој начин и форма на развој на Република Македонија на општеството во целост.

Би сакала уште еднаш да повторам дека Универзитетот на Југоисточна Европа е дефинирана рамка во која приадниците на албанската заедница го користат и го искористуваат правото на високо образование на свој мајчин јазик. Со тоа е заокружен процесот на образованието на албанците во високото образование. Тука треба да се стави точка.

Причина вака да размислуваат сите овие албанци освен ДУИ и нејзините членови е фактот што Универзитетот на Југоисточна Европа  ги има и средствата и неопходната опрема и кадарот, а колегите од ДУИ доста знаат за кадарот кој егзистира во Универзитетот на Југоисточна Европа за да можат да го остварат она што е предвидено, како што кажа колегата Замир Дика, во член 1 од Статутот на Универзитетот за Југоисточна Европа, кога  е спомната причина, пак, поради кое тој

е формиран, а тоа е да се реши високото образование на албанците, на македонски јазик.

Сега на мене навистина не ми е јасно што сака Владата да постигне со форсирањето на овој таканаречен парауниверзитет. Каков друг ефект се мисли дека ќе се постигне со оваа постапка на Владата, освен понатамошен и поголем раздор на граѓаните во Република Македонија. Сепак не ми е јасно.

Сепак најголем виновник за создавање на раздорот меѓу граѓаните во Република Македонија, за непостоење на висија во Република Македонија, за иднината, за разгорување на меѓуетничката тензија и Владата на РМ и господинот премиер Црвенковски, затоа што сепак министерот за образование и наука е дел од тимот чиј претседател е господинот Црвенковски. Потврда за ова што го кажуваме е се она што бевме сведоци и што се случуваше во последната година од доаѓањето на господинот Црвенковски на Владата на РМ, ова последното што се случува, легализацијата на таканаречениот речански универзитет, која, верувајте, нема да биде последна.

Меѓутоа, останувaат во воздухот да лебдат неколку неодговорени но клучни прашања.

Прво, на територијата на Тетово постои Универзитет за Југоисточна Европа. На оваа територија постои таканаречениот параунверзитет со своите, колку што сум информирана осум факултетит кои егзистираат

Со предлогот за основање на државен универзитет во Тетово е предвидено да се легализираат три или четири од постојните факултети. Дали тоа значи дека останатите до осум ќе продолжат да егзистираат како параунверзитет во Тетово и ќе продолжат да едуцираат кадри, илегално, што не наведува на фактот дека во Тетово наместо два ќе имаме три универзитети: таканаречениот Штулов универзитет, легализираниот бивши, таканаречен параунверзитет и оној што ќе остане, три или четири факултети ќе останат да егзистираат во Тетово.

Понатаму дали проширувањето на територијата, на дејствување на таканаречениот малоречански универзитет, ќе продолжи кон Сарај, или пак колегите треба да не информираат, или министерот за образование, се едно е, барем да не информираат на кој дел од Македонија ќе продолжи да се движи овој факултет.

Би сакала да завршам, гледам дека колегите од ДУИ брзаат за реплики. Имено би сакала на Владата да и сугерирам да си постави неколку прашања:

Прво,дали извршила суштинска анализа за постоењето на потребата за финансирање на овој таканаречен параунверзитет, од државната каса.

Второ, дали таа воопшто води сметка за квалитетни високостручни и образовни кадри, ако се земе таканаречениот квалитет на наставата што сеуште се одвива на таканаречениот парауниверзитет, кој се бара да се легализира, истиот спореден со квалитетот на наставата што се одвива на Универзитетот за Југоисточна Европа.

Трето, дали Владта е свесна дека со ваквите досегашни но и идни постапки, во сите сегменти на внатрешната политика, како основ, со Уставот, законот и владеењето на правото, нам ни стана етничкиот концепт.

После ова што до сетга се случуваше, наредно што ќе очекуваме од Владата е сигурно легализација на сегашниот таканаречен нов Кардиолошки центар во Тетово, но немој тогаш Владата да бара негова основа во Рамковниот договор и во евроинтегрирачките процеси и развојот на општеството, затоа што таквата основа, како што и денешната легализација на формата на граѓанска иницијатива во Тетово, нема да ја најде, никаде, по ниеден основ, граѓаните, ниту ова, ниту се она наредно што ќе дојде, верувајте, нема да ви го заборават, ниту пак да ви го простат.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Реплика има господинот Хусеинџевад Хусеин.

ХУСЕИНЏЕВАД ХУСЕИН:

Со внимание ја слушав колешката Којзеклиска која ја познавам и навистина верувам дека зборуваше пратеничка на ВМРО-ДПМНЕ која снатизира се што е албанско, а не Којзеклиска како пратеник. Затоа многу кратко ќе одговорам, зошто не ме убеди дека таа мисли за доброто на Македонија, не ме убеди дека им мисли добро на албанците, туку ми олесни нешто. Во една толпа на дефиниции за националисти, мислам дека избра она што е најдоброто, а националист е оној кој во напредокот на еден народ гледа опасност за себе си.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете, имате реплика една минута.

МАРИЈА КОЈЗАКЛИСКА:

Колега Хусеинџеват Хусеини, јас овде денеска не разговарав за тезата или дефинирање на националистите, туку разговаравме за законот за основање државен универзитет во Тетото.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Реплика има пратеникот Славица Станковска,

Повелете, три минути.

СЛАВИЦА СТАНКОВСКА:

Благодарам.

Ме изненади она што го слушнав од колешката Марија и ме интересира дали како правник знае дека согласно Законот за средно образование, секаква манипулација со оваа популација на граѓани или наши деца е законски санкционирано.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Тоа е во врска со читањето на писмото, тоа е во врска со читањето на потсекретарот.

Повелете, имате право на  контрареплика, една минута.

МАРИЈА КОЈЗАКЛИСКА:

Ако колешката Славица Станковска се навреди што го прочитав укажувањето, јас мислам дека Министерството за образование и наука е транспарентно министерство и дека нема потреба од криење или за нервоза. Стварно ноеможам да разберам што сака колешката да каже.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не беше за писмото, туку колешката ве праша дали знаете дека по Законот, злоупотреба..

(реакции од пратениците)

Добро, добро се извинувам.

Дали некој друг бара реплика.

Г-динот Кондарко.

БОРИС КОНДАРКО:

Благодарам претседателе,

Г-ѓо Којзаклиска од делот на работите што ги изнесовте овде за момент помислив дека сте член на СДСМ или можеби член на ДУИ. Вие тврдите овде од говорницата јавно дека имало условувања од страна на ДУИ кон СДСМ за отворање на универзитетот во Тетово, Мала Речица. Ве молам, од каде ви се тие информации? Вие случајно да не сте член на СДСМ и на ДУИ? Ве молам, вакви работи неаргументирано во иднина не смеете, вие можете да кажувате за односите во вашата коалиција, меѓутоа не сте повикани да давате квлаификации за работата на другите политички партии.

Понатаму не смеете г-ѓо Којзаклиска да си го земате правото да учесниците на “мирниот” протест пред Собранието на Република Македонија против отворањето на универзитетот да ги поистоветувате со сите средношколци, со сите студенти. Тие се само еден мал дел на средношколци и студенти кои се директно инструирани и манипулирани од ВМРО-ДПМНЕ.

Понатаму, искажувате многу неодговорно, многу лагодно од оваа говорница, да не ве штитеше пратеничкиот имунитет, навистина за тоа се сноси одговорност, кога без докази изнесуваат некои невистини. Вие тврдите дека власта и МВР, цитирам “со присила и закана ги оневозможуваат гласно да размислуваат и со сопствена глава оние луѓе што се надвор”. Ако беше така, јас ви нудам доказ, вие за тоа што го говорите не нудите доказ, ја манипулирате јавноста и кажувате нивистини. Јас ви нудам доказ. Тие, мал дел на луѓе што беа пред Собранието, ако беше навистина така како што велите дали ќе можеа да зборуваат на озвучување и да го блокираат сообраќајот? Никој, никого, најмалку со присила и закана не оневозможува во нешто. А вие, носите ученици со автобуси само за да губат часови, тоа се одразува штетно лна наставата и ги имитирате сите ваши националистички вокабулари од почетокот на 90-тите, посебно од 1997 година. Впрочем и вашиот истакнат член и поранешен пратеник Фили Петровски беше забележан на чело на колоната на протестите.

Благодарам.

(реагирање од пратениците на ВМРО-ДПМНЕ)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Видете, да се договориме имиња да не спомнуваме. Г-ѓа Којзаклиска не ја прекинав, а спомнуваше имиња. Ако се договориме, да се договориме.

И, ве молам една работа, јас се обидувам кога реплицира опозицијата да одржувам ред. И, секогаш предупредувам. Јас ве молам и вие да бидете и да сослушате кога ќе има некој реплика.

Повелете, ако имате контрареплика.

Пратичката Ганка Самоиловска-Цветанова.

Повелете.

ГАНКА САМОИЛОВСКА-ЦВЕТАНОВА:

Г-дине претседателе, јас ги уважувам вашите забелешки по однос на спомнвуање на имиња, но мора да направиме јасна дистинкција кога може да се спомнуваат имиња, а кога не.

Значи, имиња на личности кои се членови на Владата, сметам дека е дозволиво да се спомнвуаат, затоа што Владата се јавува како предлагач на овој закон, и воопшто на законите. Ако се упатени нашите критики или моежеби пофалби, ние мора да кажеме за кои личности од Владата. Истото се случува и со пратениците. Тоа што одредени или поедини пратеници не се присутни во салата за да може да реплицираат, тоа е нивен проблем.

Исто така , членовите на Владата се уредно поканети на секоја седница да присуствуваат. Тоа што тие не се тука присутни, да ги бранат своите проекти тоа е апсолутно нивен проблем. Инаку, се согласувам дека личности кои не се членови на Владата или не се пратеници нема потреба да бидат спомнувани.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Јас токму на тоа мислев, бидејќи Тито Беличанец не е член на Влада,а тој се спомнуваше многу.

Процедурално бара збор г. Кондарко.

БОРИС КОНДАРКО:

Г-дине претседателе, после слушнатата процедурална забелешка од г-ѓата Самоиловска  јас ја поканувам и ја повикувам во постапкат аза изменување на Деловникот овој процедурален изум на писмено да го формулира и да го донесе. Ќе биде поканета на седница на Комисијата.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете, контрареплика.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Сето она што го кажа г. Кондарко дефинитивно можам да разберам дека сето она што СДС неможе да го каже на ДУИ, го кажува ВМРО-ДПМНЕ.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Одиме на следниот говорник.

Повелете г. Шапуриќ, а нека се подготви г. Чедомир Краљевски.

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Почитуван г. претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министре,

За жал и оваа расправа, како секогаш во последниве неколку месеци кога расправаме за вакви некои чувствителни, некои нечувствителни, за некои повеќе чувствителни теми односно за закони што ги третираат ваквите теми, веднаш почнуваат ...

(џагор во салата)

Претседателе, ве молам малку за ред.

(претседателот предупредува за ред во салата)

Веднаш почнуваат поделби по разни основи. Се делиме овде во Собранието...

(џагорот во салата продолжува)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Аднан, ве молам вашите моабети можете надвор да ги завршите.

Продолжете.

Повелете г. Шапуриќ, еве, се пстигна ред .

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Го чекав колегата да излезе.

Благодарам г. претседателе.

Значи почнуваат, односно некои се обидуваат  овие поделби од Собранието да предизвикаат и поделби кај граѓаните.  Но, јас сум длабоко уверен дека граѓаните добро знаат и дека нема да ги прифатат ваквите обиди за еден маркетинг.

Во Собранието сеуште, а веројатно и понатаму се делиме и ќе се делиме на Македонци, Албанци, а потоа на поголеми и помали патриоти, па на добри и лоши Македонци, добри и лоши Албанци, добри и лоши припадници на другите етникуми итн. Па, на крајот на добри и лоши политички партии. Но, на сите треба да ни биде јасно дека сите политички партии се македонски и се залгаат за Македонија. Работава е во тоа за каква Македонија се залагаат, дали се залагаат за просперитетна и Европска Македонија или не. Од таа поделба би тербале да раскраваме, а не по некоја друга поделба.

А, дали можеме еднаш за секогаш, а еве тоа е можност по расправата и по овој закон, но евентуално и слични закони да се надминеме себеси и да го свртиме погледот напред, да заборавиме на поделби, да гледаме напред, затоа што сигналите што од овде ги праќаме одат кај граѓаните. Многу зависи дали се тие сигнали за смирување на ситуацијата, на кохабитација, на сожителство, на просперитет или пак на набој, на поделби и сл. Но, јас сум длабоко убеден дека покрај ова огромен број на граѓани се свесни во која насока треба да се дивжат односно кои се сигналите, дека треба да ги следат сигналите на смирување и на прогрес и на просперитет, а не на распалување на некакви си страсти.

Да бидеме искрени, ако сакаме да бидеме искрени, овој закон означува де јуре она што де факто егзистира во онаа или онаа форма повеќе години. Сегашната опозиција, а до скоро, до пред една година позиција знаеше за егзистирање на овој факултет. Ништо не презема. Можеби де јуре не го сторила како што тоа ќе го стори де јуре овој Парламент, но де факто и сегашната опозиција го признаваше.

Познато е дека пред повеќе години се формираше Југоисточниот универзитет, т.н. Штулов универзитет кој доста се спомнува овде и за овој Универзитет постоеја големи скепси при неговото формирање, но тој за релативно кусо време успеа да се развие во Универзитет кој успеа да постигне завидни критериуми и да биде признат не само во Македонија, туку и пошироко во регионот. На овој Универзитет студираат и Македонци и Албанци, но и бројни студенти од околните земји.

Затоа ние мора и треба да очекуваме високо критериуми и од овој Универзитет, во Тетово што е предмет на Законот. А, тоа е можно само доколку е под државна контрола. И, да не бидеме однапред скептици дека тој нема да ги постигне тие резултати, дека има толку капацитети, се работи за еден одреден

лимитиран број на факултети наведен во законот, и веројатно, зависно од тоа како ќе се покаже, но во секој случај нетреба однапред, анблок да одбиваме некои работи.

Пред неколку месеци ги усвоивме измените во Законот за високото образование. На сите ни беше јасно и на јавноста бидејќи таа ја спомнувавме и на позицијата и на опозицијата дека тоа ќе претставува вовед во донесување на овој закон за што денеска расправаме. Без оглед кој како тоа го сфкаќа овие два закони претставуваат усогласување со Рамковниот договор зад кој стојат речиси сите политички субјекти во Република Македонија  но и претседателот на државата, САД и ЕУ. Но, да не заборавиме Рамковниот договор го поддржува и огромно мнозинство на граѓаните и,да не заборавиме дека овој Договор, се разбира покрај други фактори, многу придонесе за смирување на страстите, знаеме каква беше состојбата пред две години, каква е сега без оглед што некои многу мали структури посакуваат дека е тоа така, ние сме свесни дека во овој поглед мнозинството од граѓаните застануваат за овој Договор.

Се наоѓаме пред поднесување, почитувани пратеници, на апликацијата во ЕУ. Сите укажувања и сигнали од Меѓународната заедница се јасни. Апликацијата е поврзана со овој Договор. Па, дајте еднаш да го имплементираме овој Договор и да зачекориме кон ЕУ, кон Евроатланските интеграции и кон решавање на оние проблеми што најмногу ги тангираат граѓаните. Тоа се невработеноста и сиромаштијата. Сите последни релевантни анкети укажуваат што најмногу ги тангираат граѓаните. Значи, не оваа материја што некој сака да расправа, а тоа е право и јас не го оспорувам правото на опозицијата и 10 дена да расправаме, меѓутоа, ако расправаме 10-тина дена за ова, неможеме да се свртиме напред, неможеме да се свртиме кон оние теми што ги интересираат граѓаните, а тоа се економските проблеми, невработеноста и сиромаштијата. Се разбира, поделбата на власта е јасна. Најголема одговорност е во Владата. Меѓутоа, Парламентот е тој кој треба да врши пресија врз Владата да ги остави овие теми, да го слушнеме гласот на граѓаните. Гласот на граѓаните е јасен. Тие бараат Парламетот да расправа за овие теми.

Но, за да дојдеме до тоа мора да расчистиме со овие работи и со оваа агенда, со децентрализацијата, со имплементацијата на Рамковниот договор и да одиме напред. Само решавање на овие економски проблеми може граѓаните да ги направи среќни. А не постојани делби при расправа за вакви и слични закони или пак вакво

евентуално поентирање или непоентирање според мислење на некого, на овој закон.

По затворање на прашањата поврзани со Рамковниот договор ЛДП и пратеничката група на ЛДП ќе инсистира приоритетот на Владата и Парламентот да бидат економските теми, темите поврзани со Евроатланските интеграции.

Почитувани пратеинци,

Во инерес на Албанците а и на Македонците кои, во интерес на целата држава да имаме што повеќе образовани Македонци, што повеќе образовани Албанци, но и што повеќе образоваин Срби, Турци, Роми, Бошњаци, Власи и др. кои ќе бидат образовани и ќе можат оваа земја да ја поведат напред. Само образовани луѓе, без оглед на моменталната состојба и монентална недоволна изграденост на вистинските вредности можат да ја поведат оваа земја напред.

Ако овој закон овозможува повеќе образовани луѓе, зошто би го оспорувале? Треба да ги убедиме, а тоа Министерството отпочна, можеби требаше многу порано во врска со овие разговори во врска со студентските сојузи, дека сите млади луѓе, посебно студентите, бидејќи за овој закон искажаа многу повеќе грижа тие кои не ги тангира отколку тие што ги тангира, тоа се студентите, дека воведувањето на овој универзитет нема да ги намали државните волжувања во постојните универзитети. Но, и да работиме на подигање на студентскиот стандар на сите студенти, бидејќи е сеуште незадоволителен за сите студенти, за Македонци, за Албанци и за било кои други. Ако неможеме веќе да направиме сосема бесплатно студирање , барем треба да го направиме многу подостапно и поефтино, затоа што како што кажав образованието може само да оди напред.

Зарем не е доволен примерот со Ирска, една земја која има не само во рамките на ЕУ најголема стапка на пораст, најголема стапка на развој, најголема стапка на индустриско производство, затоа што оваа земја пред 20-тина години решила еден од најосновните приоритети на таа држава да биде токму образованието. Искуствата се тука, познати. Пред неколку месеци беше ирскиот премиер.

И, ако сметаме дека овој закон може да направи повеќе образовани кадри во Република Македонија, зошто да го оспоруваме? Дали само заради тоа што кај некого, евентуално ќе предизвика незадоволство, дали врз некои лични емоции, кој како тоа го сваќа, без оглед на тоа кому како се допаѓа ова .Овој закон е производ на една реалност, производ а Рамковниот договор. Можеме да го толкуваме и така и онака, на било кој начин. Но, овој закон ќе значи прогрес, имплементација и еден

чекор поблиску со завршување со сите работи од Рамковниот договор, а пота и свртување , како што кажав конечно кон европските теми.

Сметајќи дека овој закон ќе ги исполни целите поради кој е предложен, пратеничката група на ЛДП ќе гласа на овој закон.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави госпоѓа Силвана Бонева.

Повелете три минути.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Почитуван господине Шапуриќ, во контекст на вашиот говор сакам да ве прашам нешто, ако вие се залагате за просперитет на Република Македонија, како што кажавте, дали за вас легализацијата на ваков парауниврзитет што не ги исполнува потребните критериуми утврдени со закон за основање на високообразовна установа во Република Македонија најпрвин во однос на просторот кој и ден денес се чува со оружје, понатаму на кадарот, веќе знаеме каков е кадарот, колкав број на високообразован кадар кој е компетентен за предавање на ваква високообразовна институција ќе биде вклучен, каква ќе биде опремата, кој ќе биде износот на средства што ќе бидат предвидени за легализацијата на ваков универзитет дали сето тоа може да обезбеди солидно образование кое ќе води кон просперитет на албанските млади, а со тоа и просперитет на Република Македонија.

Уште нешто, сегашната опозиција ниту тогаш кога беше на власт го признаваше, ниту сега го признава тетовскиот парауниверзитет и затоа го поддржа основањето на универзитетот на Југоисточна Европа.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ќе ја искористите вашата минута?

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Колешке Бонева, јас кажав дека сметаме дека овој универзитет ќе ги исполни тие стандарди не треба однапред да бидеме скептици. Јас кажав и во моето излагање и сега на прашање ќе одговорам со прашање, јас кажав дека тогашната власт сегашната опозиција дефакто го признаваше постоењето на овој универзитет,

не де јуре, инаку, што се однесува до Штуловиот универзитет, сите ние го подржуваме и тогаш имаме скепси, но дајте времето ќе покаже каков ќе биде овој универзитет и дали ќе придонесе за подигање на образовната структура и воопшто на образованието.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Немате контра реплика? Прашањето ќе остане неодговорено.

Повелете господине Мешков.

ЉУПЧО МЕШКОВ:

Господинот Шапуриќ инаку мој драг пријател и колега либерал ме инспирира да кажам два три збора во реплика од неговиот говор и на неколку други слични на неговиот говор.

Имено, секој парламентарец може да си го искаже своето мислење, се разбира, тоа е демократско право. Меѓутоа, оној што сите овие години фрлал со дрвја и камења по таканаречениот малоречански универзитет, а сега гледа дека ваквите критики го оддалечуваат од Европа, најмалку што може да направи е во овој момент да молчи. Така барем ќе помислиме дека е можеби филозоф.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута господине Шапуриќ.

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Најпрвин колега Мешков се работи за претеник Шапуриќ кој е од ЛДП, а не од Либералната партија.

Второ, јас не знам на кого мислите дека почитувал, дека фрлал дрвја и камења по овој универзитет, никогаш не сум фрлал, а ќе ве потсетам, бидејќи бевме колеги го некогашната партија Реформски сили и Либералната партија имавме став уште пред пет - шест години, да не набројувам и угледни професори кои кажуваа дека е многу подобро да имаме пообразовани албанци тоа ќе биде подобро и за македонците и за албанците. Сакате и името да ви го спомнам, меѓутоа, не е во ред оние што не се присутни од тогашната партија. Навистина сеете магла и демагогија и зборувате невистина.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Краљевски, а по вас е господинот Илија Србиновски.

ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:

Благодарам претседателе, почитувани колеги, министре,

Деновите во поширокатa македонска јавност и овде од говорницата во Собранието имавме прилика да слушнеме многу  аргументи и да си создадеме една објективизирана слика од немањето потреба за институционализација на третиот државен универзитет во Тетово.

Во таа насока јас би сакал да искажам неколку мои размислувања кои одат во прилог дека нема потреба од институционализирање на трет државен универзитет во Тетово.

Најпрвин би кажал дека правото на образование воопшто, а во тој контекст и правото на образование на мајчин јазик во сите степени на образование е без дилема едно од најважните човекови права и еден од индикаторите за степенот на развојот на демократските процеси во секоја современа држава, па и во Република Македонија.

Поаѓајќи од тоа, на секој човек на кој не му се туѓи демократските принципи или на политичка партија како што е ВМРО-ДПМНЕ на која една од основните програмск определби е почитувањето на човековите права и развојот на демократијата не можат да му пречат желбите за образование на припадниците на малцинските заедници и соодветно на тоа обезбедување на институции кои ќе овозможат квалитетно, современо образование.

Проблемот со легализација на тетовскиот парауниверзитет нема никаков допир со ваквите демократски начела и образовни стандарди, па во таа смисла се поставуваат неколку прашања и констатации.

Прво, тетовскиот парауниверзитет почна како што тогаш искажаа некои видни претставници од СДСМ како приватна забава и како тогаш се истакнуваше без никакви шанси за легализија и без никаков увид во организацијата на образовниот процес, квалитетот на наставничкиот кадар, задоволување на некакви образовни стандарди и тн.

Денеска сме сведоци на фактот дека оваа приватна забава продолжува со невидена, нелегална и нелегитимна узурпација на туѓ имот за решавањето на просторните проблеми на овој парауниверзитет паралелно со неговата

легализација. Денеска впрочем имавме мал прекин на оваа седница по наше барање, затоа што добивме информации дека, а тоа се потврди, настанало пред два дена во континуитет и денес продолжува, се прави обид да се заземе и спортската сала во Тетово и стадионот во Тетово, за да се овозможат некои просторни услови за работа на овој парауниверзитет.

Одново се соочуваме со молк на актуелната власт во врска со ваквиот развој на настаните. Мислам узупрацијата на имотот на “Македонија табак” во Тетово. Се работи за воспоставување на пракса кога приватните забави полека или многу бргу стануваат легални институции и згора на тоа се сака да се финансираат од Буџетот на Република Македонија без при тоа да се има јасен концепт за образовната или економската оправданост. Ваквата пракса претставува опасен преседан кој не ги унапредува, туку и натаму ги нарушува меѓуетничките односи и соживотот во Република Македонија.

Второ, Владата на ВМРО-ДПМНЕ со формирањето на Штуловиот универзитет организиран на модерен начин со почитување на светските стандарди во образование покажа дека има слух за потребите на образованието на албанците. Како што е познато таму студираат македонци и припадници на сите други етнички заедници во Република Македонија, што е извонреден индикатор за градење соживот и на целосна интеграција на сите етнички заедници во Република Македонија.

Да потсетам дека на двата државни универзитети Скопје и Битола постојат таканаречени повластени квоти за студии на припадниците на националностите. Се поставува прашањето во какви услови и која е оправданоста за воспоставување на трет државен универзитет при постоење на ваквите можности за високо образование на албанците. Која е оправданоста од аспект на квалитетот на образованието и на кадрите што ги образува парауниверзитетот во Тетово кој утре треба да се вклучат на работа на државната администрација, стопанството и слично.

Како што сум информиран постојните факултети при универзитетите во Скопје и Битола се преплавени од најразлични монитори и слично кои доаѓаат од европските центри и меѓународни организации кои многу строго ги проценуваат организацијата и квалитетот на образованието во овие институции. Што во овој контекст може да се каже за тетовскиот парауниверзитет. Каква е економската логика на оваа легализација и дали не е порационално предвидените средства за работа на овој универзитет да се искористат за подобрување на материјалните можности на веќе постојните универзитети, вклучително или со нагласена предност

на Штуловиот универзитет кој во догледно време во договор со Владата или со некоја наредна влада би се финансирал целосно од Буџетот на Република Македонија.

Сенатот на Универзитетот во Скопје кој исто така е против легализацијата на овој Универзитет, постојано ја истакнува тешката материјална состојба на постојните универзитети, но неговата аргументација изгледа дека никого не го интересира.

Трето, аргументацијата дека легализацијата на тетовскиот парауниверзитет произлегува од Рамковниот договор исто така не држи, затоа што колку што можев да видам во него, не е содржана таква обврска. Тоа наведува на сомнеж дека во случајот не станува збор за спроведување на Рамковниот договор, туку најверојатно за политички дил меѓу партиите на власта, односно СДСМ и ДУИ при тоа не сакам да прејудицирам за какви цели е политичкиот договор, но ќе нагласам дека при договарањето странките не воделе сметка за несогледливите тешки последици од ваквиот неодгворен однос.

На крај нешто за протестите против легализација на парауниверзитетот. Најпрвин би сакал да нагласам дека мирните протести се составен дел на демократијата. Никој не може да му го одземе правото на граѓанинот и на овој начин да го искаже својот став и мислење по одредени прашања. Она што пречи деновите е старата добро позната пракса на СДСМ и актуелната власт со невидена леснотија секоја ваква иницијатива да ја прогласи за антиалбанска, шовинистичка и слично, без при тоа да ги осознае причините и корените за ваквите манифестации.

Лесното лепење етикети на дел од својот народ, особено на младите генерации е манир на оваа власт. Наместо низ дијалог со нив да допре до причините за нивниот протест кој не е насочен против албанците, туку е и во нивен интерес, затоа што нивното основно барање е квалитетно образование и поголем стандард на учениците и студентите македонци и припадници на сите етнички заедници во Република Македонија.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Рустеми, вие сте пријавен за дискусија, ќе го изгубите редот. Добро, реплика, но не стискајте таму. Имате три минути.

ЕЈУП РУСТЕМИ:

Благодарам господине претседател,

Јас сакам да реплицирам, иако се обидоа утринава да ја дезинформираат јавноста дека од страна на некого во Тетово се узурпира спортската сала. Ова беа тенденции да се зголеми притисокот и тензијата кај населението. Само заради информација господине Краљевски да ви кажам дека никој не ја узурпира спортската сала, бидејќи јас доаѓам од Тетово и за информација, спортската сала во Тетово е земена со концесија што вие ја дадовте на една фирма од Тетово која склучила договор. Тука е договорот, ќе го дадам на службата и вие да го добиете, за користење на оваа спортска сала каде на секој 45 минути се плаќаат 300,оо денари. Токму во оваа сала, сега се одржува еден турнир. Нема ништо вистина со она што вие сакавте да пласирате во јавноста.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Контра реплика на господинот Краљевски од една минута.

ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:

Почитуван претседателе,

Јас во моето обраќање само спорадично се осврнав на она што денеска го осознав и јас дека таму имало некакви узурпирања на тие објекти, вогласно во мојата дискусија се задржав на узурпацијата на имотот на “Македонија табак” во Тетово и сеуште сум убеден и стојам на моите ставови што ги искажав во дискусијата дека нелегално е извршена узурпација на имото на “Македонија табак” во Тетово за решавање на просторните проблеми за потребите на легализација на парауниверзитетот.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господинот Рамадани реплика од три минути.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Почитуван претседателе,

Сакам да реплицирам со мојот колега господинот Краљевски во оваа насока.

Мене ми изгледа дека не само Чедомир Краљевски, туку голем број други не разбрале колку што треба, не ја разбрале основата, суштината и целта на законското определување на еден универзитет кој дефакто постои многу години.

Тенденцијата е многу позитивна многу години со овој факт. Доколку еден образовен проект се подржува од населението, од интелектуалци, од политички партии, од меѓународен фактор, од студентите, не е добро. Јас сериозно ви велам дека не е добро да бидете на чело за да се попречи, затоа што ваквите иницијативи не се попречуваат и не би требало и не можат да се попречуваат. Студентиските интелектуални иницијативи, за правото, за образованието, не може да ги образложите ниту пред меѓународниот фактор, ниту пред нас. Видете колку лошо изгледа иако ние го почитуваме излегувањето на студентите и на некој начин нивниот мирен протест, но доколку навлеземе во содржината на протестот и доколку го споредиме со примерите во светот, не можеме да најдеме еден ваков пример. Верувајте дека ова, пред олтарот на срамот, ја става Македонија, за жал. Вие деновиве го слушнавте Крис Патен кога вели, пред два - три дена, доколку бев македонски политичар, што ќе направев. Ќе го реализирав Охридскиот договор, ќе се борев против корупцијата, ќе направев економски реформи, ќе ја стабилизирав државата. Доколку излеземе со вакви настапи, верувајте нема да ја постигнеме целта, туку напротив, добро е иницијативата да се стави во законски рамки. Дури јас би препорачал, бидејќи припаѓам на една изборна единица, да помогнам, да побараме и некој факултет во Куманово, зошто да не го направиме академското издигнување и на Куманово. Зошто да немаме ниту еден факултет во Куманово. Зошто да немаме факултети и во другите градови. Само еден пример. Можеби се три универзитети, Јордан има 14 универзитети на четири милиони жители.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Јас ве молам, ако сме за фер и коректни односи, тогаш се почитуваат тие три минути.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор г-динот Илија Србиновски, а по него нека се припреми Орданчо Тасев.

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

Благодарам почитуван претседателе.

Почитувани пратеници, почитуван минстре. Да не беше овој предлог закон денеска, најверојатно немаше да има и толкави полициски кордони наоружани до заби пред Собранието и сега кога излегов на пауза повторно имаше повеќе полициски формации пред Собрание, отколку протестанти. Но било као, тешко на таа Влада што се брани со вакви полициски формации, а и тешко на тие протестанти со такви политички формации. Но, да преминам на темата, предлогот за донесување закон за основање на државен универзитет во Тетово со предлог закон е неиздржан, неоснован од следните причини. Кога се зборува и предлага дека е потребно да се основа државен универзитет во Тетово како потреба за остварување на поголем пристап ви високото образование на припадниците на сите заедници, а посебно се нагсува албанската заедница се бара да учат на својот мајчин јазик албански. Се поставува прашањето дали на заедницата на Србите, на Ромите на Турците и други заедници мајчин јазик им е албанскиот јазик и на кој јазик тие би го следеле предавањето на тетовскиот универзитет кога намерата е да предаваат стручни кадри на албански јазик. Од кде ќе бидат тие стручни кадри воведување да предаваат на овој универзитет. Го повикувам г-динот Азиз Положани да ми одговори на ова прашање, ако е така, тогаш веднаш сите други заедници се ставаат во подредена положба пред албанската заедница.

Исто така, не ми е јасно да ми одговори министерот за образование за кого ќе бидат потребни тие кдри, кои ќе се школуваат на универзитетот во Тетово, кога ние сите живееме во Македонија, а служben јазик е македонскиот. Значи која е намерата. Овие факултети што се наброени значи природно математички, економски правен, центар за политехнички студии кои веќе постојат на универзитетот во Скопје, каде имаат право на еднаков пристап на сите граѓани на Република Македонија под исти услови, дури за албанската заедница има посебна привилегија, зашто за нив императивно е определено да се упише определена квота, што за жал сме во подредена положба ние како македонци. Тука веќе се јавува паралелизам на водење на стручни кадри дупли во Македонија. Ние и тие што се школуваат не можеме да ги видиме со можност за идни вработувања, а не пак како да вадиме дупли кадри. На тетовскиот универзитет се учи на албански јазик и се врши манипулирање и злоупотреба на другите припадници на други заедници.

Рамковниот договор никде не зацрта да се отворат нови универзитети, туку да си даде процентуално еднаков пристап за школување на факултетите кои веќе постојат.

Доколку се отвори тетовскиот универзитет, зарем со тоа ќе се зајакнат демократските интеграциони процеси во Република Македонија. Тоа не е вистина јасна е овде намерата, тенденцијата на албанската заедница ина ДУИ и СДСМ во Македонија. Во образованието се вели дека се јавува потреба да се отвори универзитетот во Тетово заради понатамошен развој на земјата, да се подигне на научно техничко ниво и со тоа ќе се создадат подобри услови за вработување. Нели е смешно во исто време да се кажуваат вакви нелогичности и лаги во една толку лоша состојба во која државата се наоѓа пред колабс. Се кажуваат некои проценти и бројки споредувајќи ја Македонија со високо развиените европски држави со кои ние не можеме да се споредиме ни по 100 години, а камо ли сега. Од кде ќе се зголеми бројот на средношколците и студентите кога на ниеден средношколец досег не му е ускратено правото да се школува. А кој сака да се школува тоа е бројката во Република Македонија, освен се оди на некои други места надвор од Република Македонија. Дали ние треба да зборуваме за зголемување на средства за финансирање, кога државата ни е на просјачки штаб, а народот цел на улица без леб. Па зарем на крајот не треба да направиме референдум, или да побараме да се изјасни народот на референдум кои ќе бидат сигурни дека нема да гласаат граѓаните од ДУИ и СДСМ. Ако се настојува како што се вели образованието да не бидат факултетите лоцирани на едно место, тогаш зошто е потребно точно да е лоциран универзитетот во Тетово. Најпосле, зошто толку брзо и понајбрза постапка а се донесе овој закон. Дали постои некој страв од неиздржаноста и неоснованоста негова или некој се плши дека во РМ ќе ја согледаат вистинсата цел намерата и тенденцијата. Јасно е како ден г-да дека овој е меѓупартиски  договор на СДСМ и ДУИ. Овој е закон за легализирање на парауниверзитетот во Тетово, а како што е насловен закон за основање на универзитетот во Тетово и тоа државен. Посебно не е важно дли е сега време и место да се финансира друг универзитет од Буџетски средства, кога не сме во можност  да ги обезбедиме со средства веќе постојните два. Дали некој знае колкави се тие средства и дали им кажуваме на граѓаните дека тоа ќе оди врз нивниот грб. Какви кадри ќе се школуваат на овој нов универзитет, кога Република Македонија нема потреба од кадри кави што има потреба овој универзитет да произведува. Господинот Азиз Положани како партиски војник кој на партијата ДУИ и ги реализира целите и затоа сеуште е на функција министер за образование. Иако имаше интерпелација меѓутоа куртули и остана понатамуда биде министер.

Апелирам пак да си даде и веднаш да си замине од оваа функција, доволно проблеми и раздори направи со своите задни намери и цели со децата во средните училишта во Битола и во Скопје. Од неговите грешки чекори ќе се предизвика само раздор и омраза меѓу граѓаните во Република Македонија кои многу години се заедно и си имаат соживот. Нас сега такви апетити и намери не ни се потребни. Тоа не не води кон стабилизација на државата, туку кон раздор и манипулирање на луѓето. Преку финансирањето на еден ваков универзитет ние уште повеќе ќе осиромашуваме, наместо да се ориентираме сите заедно па и вие господа албански функционери, кон економска стабилизација и развој на државата. Вие секојдневно се занимавате со задкулисни игри, кои се многу јасно согледливи. Вие не и сакате добро на државата со вакви потези. А вие господа претставници на СДСМ да ги оставите амбициите и апетитите и можни интереси, сите да внимавате како ќе гласаме тука по ова прашање и по вакви и слични. Сочувајте ја државата, историјата. Народот ќе не осуди. На народот веќе му е јасно. Пробудете го. Проверете го во себе чувството за момент на патриотризам и националното во себе. Немојте да дозволите да си ја изгубите државата, кој сака нека биде и како сака нека се договори партиски. Ова е крајно време кога треба сите да се освестиме, зашто доколку не биде така, ние кога билонајтешко сме ја зачувале државата. А сега, кога ја имаме во раце да ја губиме по полека, нема да дозволиме.

Јас како пратеник од ВМРО-ДПМНЕ јасно кажувам и за сите вакви грешни чекори ќе гласам против. Но, сакам да видам и господата пратеници, ако биде поединечно гласање, како би гласале тие.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодрам реплика има г-динот Анастасовски.

ИВАН АНАСТАСОВСКИ:

Благодарам претседателе, јас во принцип имам говорено за основање на тетовскиот универзитет. На кратко би сакал колегата Србиновски да го прашам, го почитувам тоа што го прочита колегата Србиновски, добро го прочита тоа што му беше напишано меѓутоа, ќе внимаваме да, пратениците од СДСМ ќе внимаваат како гласаат. Спомнавте дупли кадри. Какви ви се тие дупли кадри што ќе се образуваат на некоја високо образовна институција по вашиот говор, дупли кадри. Ве молам да ги објасните тие дупли кадри. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Србиновски една минута.

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

Не би сакал да му реплицирам, меѓутоа, тоа е јасно дека има дупликати и на едниот и на другиот унвиерзитет.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Збор има Орданчо Тасев, а по него нека се подготви г-динот Невзат Бејта.

ОРДАНЧО ТАСЕВ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министре,

На самиот почеток на мојата дискусија по оваа точка на днвен ред т.е. по Предлогот за донесување на закон за основање на државен универзитет во Тетово со Предлог закон, сакам да го изразам мојот протест за извршената диверзија на веќе утврдениот дневен ред којбеше подготвен од специјалистот за вакви активности, тоа е командантот на ОНА г-динот Хисни Шаќири, а истовремено го изразувам и моето целосно разочарување од поданичкиот однос на СДСМ спрема неговиот коалиционен партнер ДУИ, кој користејќи ја одредбата, ми се чини дека таа беше членот 72 од Деловникот за работа на Собранието на РМ и нивната мнозинска застапеност, го изместија неслучајно дневниот ред, поместувајќи ја оваа точка на дневниот ред од 8-ма како втора точка на дневен ред. Можеби на прв поглед ваквата промена изгледа беззначајна, без било какви задни намери, но доколку подлабоко го анализираме овој пресметен потег на коалицијата на власт, ќе бидеме, т.е. може да се заклучи дека тоа не е случајно и е со една длабоко пресметана политичка заднина. Доколку тоа не е така повеќе од сигурно е дека искусниот командант и сегашен пратеник г-динот Хисни Шаќири, немаше воопшто да реагира, а СДСМ нормално сервилно да го прифати ваквиот предлог.

Прво, со ваквиот потег коалицијата на власт сметаше на факторот на изненадување на опозицијата, т.е. да се фати неспремна или барем да се оневозможи и да и се даде што помалку време за нејзино припремање и зборување по оваа многу значајно прашање со тенденција  точката набрзина да се заврши без могу помпа и пред македонските граѓани,    таа да се затвори т.е. да се заврши без многу галама.

Вториот ефект кој требаше да се постигне со промената на редоследот на оваа точка на дневен ред е да се маргинализира впечатокот пред македонскаста јавност и да се минимизира значењето  на овој закон што можеме со право да кажеме дека има и национано значење. Меѓутоа, пожитувани колеги пратеници во тоа дека ние од опозицијата независно од времето, независно од условите  секогаш ве убедуваме и во секое време сме спремни и ќе бидеме спремни аргументирано и

со факти да ги браниме овдека во парламентот она што значи национален интерес на македонскиот народ и на македонските граѓани овдека во клупите на Парламентот. Но сега почитувани колеги пратеници, би се задржал на самиот предлог на овој закон и неговото евентуално донесување пред легализацијата на тн., тетовски или малоречански универзитет, односно присутно е и актуелно е прашањето треба или не треба да се донесе овој закон, т.е. треба или не треба да се легализира оваа некогашна приватна роденденска забава, која според најавите и однесувањето на коалицијата на СДСМ и ДУИ веројатно ќе постигне да стане во размери на државен бал, чија цена за чинење ќе биде веројатно многу голема и ќе ги жини многу како студнетите, така и џебовите на нивните родители. Одговорот на ова прашање, барем според мене е не. Значи, не треба да се донесе иако ќе се судрам со можноста и со ризикот од голем број албанци да бидам наречен албанофоб, да ми се ампутира дека сум албаномрзец, што всушност и не е така.

На самиот почеток сакам да кажам дека јас лично, и м ојата партија ВМРО-ДПМНЕ, немаме ама баш ништо против високото образование и едукацијата на младите албанци, напротив затоа што знаеме дека ниту една држава во светот нема штета и не може да има штета од учен, т.е. високообразован кадар.

За да не бидам контрадикторен, затоа што од една страна сум против тетовскиот универзитет, а од друга страна тврдам дека немам ништо против едукацијата на албанците, ќе се обидам да образложам зошто сум против легализацијата на она што произлезе од приватната роденденска забава.

Прво, со донесувањето на овој закон всушност, се легализира една постапка за основање и ставање во функција на еден тн. етнички факултет. Потенцирам етнички факултет на кој ќе се упишуваат студенти од само една етничка заедница, а тоа е албанскаста етничка заедница. А формирањето на високо образовни институции по етничка основа ќе признаете дека такво нешто во светот нема ниту е дозволено и запливува во матните води на национализмот, сепаратизмот и другите дејствија на поделба на граѓаните по разни основи.

Втората причина поради што се противам на легализацијата на овој универзитет е фактот што финансирањето на ова високо образовна институција ќе биде на товар на буџетот на државата, т.е. на Република Македонија, што значи ќе плаќаат сите граѓани на РМ, а можноста за упис ќе биде ограничена само на студентите од албанската заедница. Ваквата поделба почитувани колеги пратнеици ќе ве потсетам нема ниту во јужна Африка, каде што е татковината на апархејдот.

Ова е првата причина поради што сметам дека нема потреба од донесувањето на овој тн. парауниверзитет во Тетово.

Второ, веројатно ќе влеземе во гинесовата книга на рекорди во една мала и сиромашна држава, уште повеќе во еден град со околу 100-тина илјади житали да бидат сместени два универзитета оддалечени од себе не повеќе со дистанца изразена во метри. На кого му треба такво нешто и дали воопшто има некаква логика од создавање на два универзитета во еден град е сосема нејасно. Доколку сме одговорни пред себе, и пред својот народ и пред својата држава, мораме да констатираме дека ваквиот потез нема ниту политичка, а уште помалку економска логика и оправданост. Ваквиот луксуз не можат да си го дозволат и далеку економски поразвиените земји за жал, во името на незнам какви права ја исцрпуваме и така нашата истоштена економија. Не сватливо е па дури во името на некакви најсветли идеали дуплирањето на поедини факултети. На два факултети на двата унвиерзитета како на пример два правни факултети, два економски и тн., во еден град како што реков со 100-тина илјади жители. Да бидеме сосема јасни, сето ова се прави под параванот за решавањето на проблемите на албанците во делот на високото образование. Но, да потсетам дека веќе со отворањето на овој универзитет македонците т.е. македонските студенти, почитувани колеги пратеници, се наоѓаат во ситуација на дискриминација. Албанските студенти само во РМ, имаат можност да се запишуваат на нивните два универзитета сместени во Тетово, т.е. на Штуловиот универзитет и на малоречанскиот универзитет, можат релативно лесно со далеку поповолни услови од тн., позитивна дискриминација да се запишуваат на другите универзитети во Македонија, како и на педагошката академија, а имаат можност блиските универзитети во Приштина и Тирана исто така, без посебни проблеми да студираат и да се едуцираат имајќи го предвид фактот што тие го зборуваат истиот јазик како и во Албанија односно Косово. Значи ретко кој студент во Европа и во светот ја има ваквата можност да може да бира каде и на кој факултет да се запише без било какви бариери, како што тоа го имаат студентите албанци од РМ.

Прашањето со партиципацијата исто така се наметнува како посебен проблем, затоа што во овој момент студентите на тетовскиот универзитет не ја плаќаат, како што тоа го прават и е обврска на студентите на скопскиот университет, значи повторно една бенифиција со што се дискриминираат остнатите студенти.

За просторните услови и да не зборуваме, затоа што овој универзитет ја покажа својата дивост и нелегалност со мерките што ги имаат преземено за диво

вселување во просториите кои се во туѓа сопственост, не чекајќи притоа судска разврска во поглед на сопственоста , како и дозволата, како и нечекајќи ја дозволата на државата за негово легално дејствување. Лош пример од универзитет, од неговите професори кој во него запишаните студенти дека правата во државата ќе можат тие студенти да ги реализираат по пат на сила. Какви кадри и какви интелектуалци ќе продуцираат професорите од овој универзиет е многу исто така дискутабилно, имајќи предвид каква состојба владее внатре во него. Од самиот предлог закон едноставно не може да се види ништо во овој поглед, освен што се кажува дека се основа државен универзитете во Тетово со пет факултети , дека тој има својство на правно лице со сопствена жиро сметка и дека ќе биде финансиран од Буџетот на РМ итн.. Но, уште повеќе во поглед на материјалните услови за работа на овие пет факултети.

Морам да констатирам, почитувани колеги дека е невозможно и нема материјални услови за делување на оваа образовна институција, поради што предлагачот треба и мора да го повлече овој закон.

Трето, одлуката за отварањето на универзитетот е против уставна и против законита, т.е. е започната постапка за легализација и отварање, спротивна на она што беше договорено и потпишано со Рамковниот договор, затоа што со овој Договор, за Владата не лежи обврска да го финансира тетовскиот универзитет, ами Владата според овој Рамковен договор атхок беше овластена да одлучува кои образовни институции ќе ги финансира во иднина. Затоа подобро е овој парауниверзитет или да угасне или евентално да се трансформира во приватен факултет.

Четврто, одлуката на Одборот за акредитација , донесена , ми се чини во почетокот на ноември, е во најмала рака сомнителна , да не кажеме дека е донесена под силен политички притисок на актуелната коалиција на власт, се разбира со политичка мотивација, која во крајна мерка е пресметана да се наруши или да не се наруши односно да не се сруши коалицијата по секоја цена истата да се задржи на власт.

Пето, во поглед на кадарот. Професорскиот кадар , кој треба да биде вклучен во образовниот процец, воопшто не е познато кој е и од каде, но сосема е јасно и сигурно дека нема да биде од редот на познатите и стручно докажани професори од признатите установи во Република Македонија .

Според наши определени сознанија, доколку се точни на овој квази универзитет, треба да бидат ангажирани некаде околу 80 професори од кои 48 биле

доктори на наука. Се поставува прашање, кој се тие и од каде се. Но, претпоставувам дека мнозинството од нив ќе бидат кадрови од Тирана и Приштина, професорски кадар чиј што дипломи сеуште не се нострифицирани и кои во претходните години створаа кадар кој беше и е носител на големоалбанскиот национализам и експанзионистичките идеи и идеологија. Дури се шпекулира, а можеби и не се шпекулации, на овој парауниверзитет треба да бидат ангажирани како предавачи, т.е. професори двајца или тројца дипломирани доктори на овој непризнаен универзитет, што значи без валидни и признати дипломи.

Значи, почитувани колеги пратеници, дури во услови и сега да го легализираме овој универзитет, дискутабилно ќе биде ангажирањето на овие лица како професори, што странци, што со невалидни дипломи, затоа што според Предлог законот ова треба да биде државен универзитет, финансиран со средства од Буџетот на Република Македонија, а би вработувал странци. Значи еден нонсенс, односно една многу нејасна и дискутабилна ситуација.

Шесто, високото образованиена албанците е веше решено преку Штуловиот универзитет, Скопскиот и Педагошката академија во Скопје. Имајќи го во обзир сето горе изнесено, во поглед на парауниверзитетот, наставата и образованието во оваа установа преставува фази образование каде што малдите албански студенти едноставно би биле ставени во состојба на образовна осакатеност. Студии заради студии,или студирање заради дипломи, а сепак интерес и на младите албански студенти и на самата држава Република Македонија , да продуцираме вистински квалитетни и стручни кадрови кои ќе бидат во функција на стопанството и на економскиот просперитет на Република Македонија.

Значи, ние не сме против високото образование на албанците, ами сме за едно квалитетно високо образование кое нема да биде политизирано и нема да предизвикува револт и недоразбирање кај граѓаните на Република Македонија воопшто. За разлика од ова Малоречанскиот универзитет или парауниверзитет, не претставува реализација на високо образовните потреби на албанската заедница, ами тој е резултат на политика и претставува плод на политиката што ја водат коалиционите партнери СДСМ и ДУИ, се со цел за постигнување на определени политички цели, како тоа го потврдија и дел од пратениците албанци кои припаѓаат на Демократската партија на албанците на ДПА.

И сосема на крајот, почитувнаи колеги пратеници, сакам посебно да нагласам дека Меѓународната заедница воопшто не бараше легализација на Малоречанскиот универзитет, ниту е тоа обврска од Охридскиот рамковен договор. Уставен основ,

според мене за донесувањето на овој закон, за формирање на државниот универзитет во Тетово, е подршката што ја даде СДСМ , иако во времето на оснивањето на овој универзитет во далечната 1995 година, беше жесток противник на ова , поради што имаше дури и жртви и повеќе повредени при една интервенција на СДСМ од тоа време.

И сега почитувани колеги пратеници, воопшто да не гледаме, сакам да потенцирам дека не треба да гледаме кривец кај предлагачот на овој закон, т.е. воопшто не е крив и не треба да го обвинуваме министерот за образование г-динот Азис Положани, затоа што овој Предлог пред да дојде во собраниска процедура минал низ соодветен филтер, а тоа е Владата и дава согласност да овој предлог дојде пред пратениците во Собранието на Република Македонија .

Значи, да го детектираме и да го покажеме кој е виновникот за овој закон, а тоа секако е и сите го препознаваме, а тоа е СДСМ.

Секако дека во оваа прилика треба да го спомнеме и масовното незадоволство кое го манифистираат и студентите и средношколците и средношколската младина, па и пошироко и граѓаните на Република Македонија , кое незадовлство, еве нели колминира со студентските протести пред Собранието на Република Македонија . Ваквото незадовослтво барем според изјавите на студентите е рефлекс пред се на нерешените проблеми на студентите, нискиот стандар и дополнителното оптеретување на студентскито стандард. И особено што иритира е фактот што вооj парауниверзитет, не е плод на она што значи албански фактор, како што тие тврдат, него е резултат на Охридскиот договор, тој едноставно барем според кажувањата е рефлекс на изнуда, значи не е рефлекс на Охридскиот рамковен договор, некоја рефлексија на изнуда, постигнат е со употреба на сила, со силата на оружјето, поради што оправднао значи се поставува прашањето за неговиот легалитет и за негивот легитимитет.

Сакам да спомнам и тоа дека легализацијата на овој парауниверзитет е против решението на европскиот концепт за Штуловиот универзитет, односно против легализацијата на овој универзитет е самата Европа, затоа што како што реков со оваа легализација, се руши едноставно концептот на Европа по однос на високото образование на албанците во Република Македонија. Од сите овие причини сметам дека предлагачот ќе го повлече овој предлог, или доколку тоа не го стори јас и мојата партија ВМРО-ДПМНЕ, нема да гласаме за овој закон, т.е. за легализацијата на овој парауниверзитет, а ги повикуваме и другите пратеници од другите партии кои партиципираат во македонскиот Парламент, да го сторат истото, т.е. да не гласаат

како не би биле нели, забележани или обележани во една не баш добра конотација кај целокупниот македонски народ и кај македонските граѓани.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Збор бара прво министерот Положани, па потоа ќе дадам збор. Повелете.

АЗИС ПОЛОЖАНИ:

Почитувана потпретседателке, почитувани пратеници, дами и господа,

Самиот чувствувам потреба во однос на некои прашања што беа покренати во текот на расправата и вчера и денес, веројатно при крајот на расправата во денешниов ден, да им одговорам на некои пратеници кои мислам дека со право ги поставија прашањата, без оглед дали беа од позицијата или опозицијата, не навлегувајки во елементи што се предмет на расправа во еден плурален амбиент, во еден плурален парламент каде што можни се, има простор и за политика и за политиканство, на крајот на краиштата ова е и политички легислативен дом. Затоа јас од позиција н аминистер ќе се обидам да одговорам на некои работи кои се врзани со некои прашања кои заслужуваат дополнителни објаснувања, за да евентуално тие што искажаа негативен став да помогнат тоа да се надмине, а од политички причини сака да остане на својата позиција. Жалам што г-динот Кедев не е тука, бидјеки е пратеник кој што постави некои прашања, а ќе почнам од него затоа што беше прв говорник и се надевам дека ќе комуницирам вака и преку пратениците што ја претставуваат таа партија, а сигурно тој ќе се вклучи покасно во дебатата со неговите прашања.

Прво, доста се зборуваше за оштетување на досегашното постигнвуање во се што е направено на било кој јазик во високото образование преку реализацијата на овој проект. Јас уште на почетокот, а и на комисиите многу нешто кажав, внимавајте да не се повторувам, долго да држам говор за намерата на овој закон, но како принцип и овој закон се темели врз основите и принципите на Законот за високото образование, кој што е дополнет во јули, но како целина тоа е основата на овој Закон. Ние ги цениме сите досегашни достигнувања и напори, чекори што се направени во функција на подобрување на образовниот систем, а посебно на подобрување на неповолната состојба на заедниците во образованието, посебно на албанската заедница, кои што чекори се познати, почнувајки од квотите ,

признавање на дипломи со соседниземји, од основање на универзитет на Југоисточна европа, почнувајки од работата на Педагошкиот факултет во Скопје, Катедра на албански јазик и т.н. и т.н. Мислам дека не е цел на овој закон да елиминира, да негира се што е направено досега, туку целта на оваа Влада е дека досегашните чекори во оваа насока не успејаа да ги надминат сите проблеми, или најакутните проблеми врзани за потребите на албанската заедница во образованието и заради тоа ќе треба да се преземе еден поегзистентен чекор кој што ќе го заокружи процесот на образование или системот на образование преку еден државен универзитет како една круна, како една позиција која што е оптимална во реализацијата на правата во образованието. Од тој аспект како таков сметам дека непотребно се поставуваат дилемите дали е тоа доста, дали е тоа малку, или е многу.

Мислам дека е многу јасно основањето на државен универзитет на било која заедница и на заедницата на македонскиот народ кога тоа го постигна во времето беше едно постигнување кое што заокружуваше нешто што ќе овозможи напредок на таа заедница во понатамошниот живот и како таква сигурно дека е највисока инстанца на реализација на образовното право, која што е за доброто на сите граѓани.

И во овој однос не се поставува прашање дали е малку, или е многу, незнам што може да биде повеќе од аспект на тоа дека универзитетот е највисока образовна институција кога е државна. Значи во рамките на тие права кои што се врзани за образованието. Како таква не сме во функција да оштетиме некое постигнување, или на штета на веќе постигнатото туку на дополнување на она што не е постигнато и разликата која што може да биде и негативна, меѓутоа опозицијата, сега мислам посебно на ВМРО дека ние не го гласаме овој закон затоа што цениме дека со Штуловиот универзитет се постигна тоа што вие велите дека требало да се постигне, а оваа владина коалиција мисли, поради тој факт што вие велите реалноста не држи, очигледноп проблемот не се реши и поради тој факт ние мислиме дека коегзистентно овој проблем треба да се реши со оснвање на државен универзитет во Тетово. Ако има некоја разлика мислиме дека само тука е разликата. Вие мислите дека тоа се реши со тоа, оваа Влада е подготвена да размислува дека овој проблем треба коегзистентно да се реши на овој начин. Ако тука не се согласуваме, ваше легитимно право е да мислите поинаку, но се друго мислам дека е нешто во доменот на политиката.

Сега влегуваме во тоа што вие ценети пратеници го поставувавте и во вид на прашање без да навлегува во нештата, како што е политиката.

Прво, се спомнува кадарот, опремата, просторот, какво образование, супоптимално образование и т.н.

Ние сме сведоци на еден процес каде што огромна енергија се троши во една структура која што таму е организирана и која што во никој случај ниту може да биде предмет на наш пристап, тоа што вие преаудицирате нема квалитет, нема кадар, без да имате ниеден инструмент или ниедна можност тоа да го докажет. Зошто? Затоа што го оставивме вон системот. Како може една институција претходно да се оценува, да се евалуира, тоа што се рече дека универзитетите сега се полни со еволуации од надворешни земји, а таму никој не. А, како таму да се влезе кога услов за да се придобие нешто што од меѓународните фактори треба и би било сигурно помош за подобрување на квалитетот не само на таа институции, туку на сите институции, услов е неговата легална позиција. Мора тој да биде вклопен во легалниот систем за да биде предмет на опсервација на законски механизми за подобрување на квалитетот, на законски можности преку тоа таа енергија да се насочи во потребната насока и законска основа меѓународните фактори таму да бидат и на тој начин да придонесуваат за подобрување. Многу е точно тоа дека универзитетот на Југоисточна европа не само што странците со донација го финансираат, туку е под грижа на тие меѓународни заедници и од тие причини, веројатно со помош и внатрешните кадри создаваат квалитет, кој што тука никојне го оспоруваше и негираше. Но, таа огромна енергија која што во тој дел фактички постои, без разлика што во 2000 - 2001 година кога се оформи, кога се воспостави новиот Универзитет сепак продолжи да постои. Кој е начинот тој да се ориентира позитивно према токовите наши, према потребите на оваа држава и како можеме таа структура со механизми да и помогнеме, иако нема нешто, иако има нешто вистина во тоа то кажувате дека тоа е супоптимално образование и т.н. Кои се механизмите тоа образование да бид еоптимално и дали е интерес на оваа држава тие да останат , било да се супер оптимално или супоптимално, но сепак невозможни за пристап за да се види тоа, дали е во интерес на оваа држава. Господа, ние оценивме дека тоа е факт и главната причина таа енергија, тие луѓе кои што се оставени на позицијата на која што се сега е доволен аргумент да се легализира за да се овозможат механизми, можности за Меѓународната заедница како што ги помага сите други факултети и на овие млади деца што се таму да им се овозможи

да им се помага и да се ориентираат према тоа што е потребно за оваа држава и за сите граѓани.

Друга работа, какви кадри. Ве молам немојте да преаудицирате. Затоа отидовме со промена на Законот за високо образование и со Закон за оснвоање на универзитет за да се биде и понатаму во легална основа.

Мислам дека единствениот начин да се дојде и до добар кадар, и до добри студии и до поволен правец, се законските решенија. Мислам дека и како за кадрите, така и за просторот, така и за други нешта ќе важат истите закони кои што важат и за другите високообразовни институции. Така да, тој кадар што е таму ако ги исполнува условите, легалните услови да биде дел на тој наставен кадар ќе биде, ако не, не се само тие кадри. Овие што се тука во проектот кој што се вели дека нема проект или мал или голем, кој што беше предмет на Одборот за акридитација на другите комисии, значи се тие што пристануваат да бидат дел со потписи од таа идна институција, али не се само тие сигурно, тој универзитет останува отворен и за кадри кој што ќе ги исполнуваат условите да бидат таму врз база на законските решенија. И сигурно не ќе се отвори ниедена студиска програма ако не се исполнуваат тие законски одредби. Така да е непотребен и стравот ако е реален, ако некој излегува од политичка позиција да се каже дека ќе нема кадри, од каде кадри. На последниот дискутант, почитуваниот пратеник кој беше последен, рече дека ќе дојдат од ваму, од таму. Можда не е мое да кажувам, али ипак ќе кажам. Да, можда ќе дојдат граѓани на Република Македонија кои што се професори, доктори, академци и надвор од Македонија. Ќе им се даде уште една шанса, како што им се даде и со Штуловиот универзитет, да дојдат тука да предаваат али не само тие, некој од Скопскиот универзитет. Тука јас незнам зошто ја гледате таа некоја линија која што намерно или сака да се прави. Добродојдени се сите врз база на законските услови и таму да предаваат. Неможе да има сегрегација или сепарација или како тука се, или чак и на работната сила по однос на јазикот кој што вие сите знаете има закон за високо образование, кој што и беше и пред тоа, врз кој што имаше веќе приватен универзитет, врз кој што се учеше некако, каде што е предвидено и учењето на македонскиот јазик и на другите предмети, најмалце два во секој факултет. Така да тие законски норми овозможуваат да све, затоа и го легализираме, значи го институционализираме преку основање да се овозможат и пристапот и на ним да им се овозможи механизми, кој што и ним ќе им помогне да се совладаат проблемите кои што во високото образование секогаш се квалитетот на образованието и еден главен проблем во високото образование во цела Европа.

Како да се одржи, како да се оформи и како да се пласира за да тие што учат од таму, значи да се бранат потрошувачите. Тука се студентите, преди се. Така да мислам дека такви дилеми, поради фактот што ова се основа со закон, мислам дека се непотребни затоа што ќе одиме со спроведување на законот како што е решено и во постапката преку матичната комисија и во постапката за решавање мислам на другите избори на доценти, професоти и тн., кои што со законот важат исто за сите.

Така да од тој аспект мислам дека правиме нешто за таа позитивна енергија, да биде насочена кон развојните токови на оваа држава, и не биде маргинализирана и како таква не биде во функција на тоа што мислам дека е добро и за целата држава.

Од тој аспект, ќе кажам и тоа, пак ќе се задржам на тие први прашања, па и после се повторуваат. Штипскиот универзитет. Госпоѓата Којзеклиска, мислам дека кажа, хипокризија на Влада, затоа што тоа не го направи. Мислам дека е сосема некоректно. Сосема некоректно госпоѓо. Не се работи ниту за хипокризија, ниту за оваа Влада, ако има хипокризија, затоа што ние сега го добивме предлогот, јас го упатив на Универзитетот "Св.Кирил и Методиј" затоа што во таа институција вие сте преложиле, тие што предложиле, не мислам ништо на вас, него тука е и докторот, предложиле две институции кои што се составен дела на еден веќе постоен универзитет, за кој што според законот мора да дава свое мислење. Јас таму го испратив, а морам да кажам, веќе ако зборуваме за влади, дека тој проект бил поминат во Владата преходна и имало позитивно мислење само од Министерството за финансии и тука останало. Ако се работи за хипокризија  и за некој доблест, мислам дека, ако се можело, ако било лесно и ако било така значи глатко, сите предуслови ги имавте да го направите тоа кога бевте вие на власт, затоа што веќе помина, значи, дошло на Влада, со мислење на финансии позитивно. Не од акредитација, немало акредитација, јас ги разгледав документите.

Јас сега и во врска со ова, постапувам според тоа, што Законот предвидува така да нема хипокризија, нема нити ерес. Не е ништо ерес за образованието што впрочем покажува и дебатата тука. Вие се обидувате политички, легитимно да го оспорите, само немате сила да го оспорите проектот како универзална вредност, како таква, затоа што е тешко. Се работи за образованието. Неможе. Неможете вие да го оспорите ова право, без разлика што легитимно е право, дали го гласате, и дали ви се допаѓа, пак и јас дали ви се допаѓам можда. Тоа е сосема нормално. Али кога се работи за образование сите ние сме биле студенти, сите ние сме биле во некој студентски органиациии, тешко е да се оспори нешто што е како универзално

право. Има услови, нема услови, тоа е предмет на други органи. Така да ве молам, и од самата дискусија произлегува дека сепак осеќам чувство на солидарност и од ваша страна поради интелектуалното ниво, кое што сепак и вие го имате и не е лесно да се оспори оваа работа. А политичкиот дел и тоа е легитимна работа ќе го кажете.

Се спомна дека во проектот нема проект, или мал проект. Видете, тука јас сум донел закон кој што е предвиден да биде од легислативата разгледан. Инаку, проектот постои, кој што ги има сите елементи и кој што е добиен од сите пратенички групи ги има, кој што сакал да виде, можда има недостатоци, можеби не е идеален, али проектот ги содржи сите елементи со закон предвидени, и имате мислење од Одборот за акредитација, кој што врз база на проектот го дава своет мислење предвидено со закон. Така да јас ценам сите академци тука, што доаѓаат од академскиот живот, сакат да наметнуваат и размислување од тој аспект, од академски аспект. Дали е евалуацијата таква, дали е акредитацијата таква, кои се тие што дале потписи не. Одборот за акредитација е независно тело кој што произлегува од интеруниверзитетската конференција, предложени од сите постојни и сегашни и легални универзитети и каде што само четири члена има Владата, кој што три се од минатата, а сега само еден е сменет поради структуралната поставеност, затоа што неможе според законот да ги менуваме. И да се фрли....или да се каже дека тоа тело работело врз притисок, треба да се има дебели аргументи. Ве молам за тоа никаков аргумент немате, затоа што е независно тело, може да пишува што сака, јас немам овластување, ниту да го сменам, ниту да му направам нешто што е вон законот предвидено. Така да немојте, ипак се работи за тело кое што произлегува од универзитетите, а вие се повикувате универзитет, сенат, универзитет, а тело што произлегува од тој сенат, сега сакате да го на некој начин омаловажите, што мислам дека не е добро за образованието и не е добро за системот на образованието во Република Македонија.

Така да мислам проектот е направен со сите елементи, ги имате во вашите пратенички групи, тука е донесено со мислење, повеќе од 6 страни што рече, веројатно по две страни ги двоел господинот Дика, затоа му изгледаат 6, али тука е донесен документ кој што е врзан со легислативната, законодавната позиција. Значи тука се разгледува законот според овој аспект. Ако сакаме да го анализираме сега од академски аспект, декански аспект, професорски аспект, тогаш требаше еден куп да донесуваме, па така не ќе беше тоа законодавен орган. Инаку, се зборува дали има стратегија, нема стратегија, мислам дека има и те како. Зашто, немате основа

тоа да го кажете, стратегија има, сигурно дека и овој проект е во склоп на една државна стратегија која што во себе предвидува дека вклучувањето на сите заедници, зајакнувањето на капацитетот и компетентноста на идните граѓани на оваа земја е во основата на таа стратегија, која што веројатно мислам дека во натамошна постапка ќе се види тоа дека е така.

Не сакам да навлегувам во тоа дека сакаме, овој универзитет е мој, твој, на оваа партија, на онаа партија. Мислам дека, ако сакаме да му помогнеме на било кој универзитет, не е добро да се залепи за некоја партија. Било Универзитетот на Југоисточна Европа, било овој, било тој што е во Битола, било овој што е во Скопје. Најлоша услуга е за Универзитетот да му се прилепи некоја значи, ова, епитет, дека е на нечија партија. Тоа е најлошата услуга.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине министре, само да информирам дека има уште пет минути до крајот на седницата.

АЗИС ПОЛОЖАНИ:

Благодарам господине претседателе, ќе внимавам.

Затоа, јас сум министер на оваа Влада, јас сум од ДУИ сигурно, али не го правам јас лично, верувајте проектот, да се вика универзитет на оваа или на таа партија, и мислам дека затоа со закон го основаме, и таму да важат сите законски норми и обврски ои што произлегуваат од самиот закон, и со тоа мислам јас сум тука да припремам документ кој што заедно со вас ќе го усвоиме, а како таков да го ставиме во служба на сите граѓани на Република Македонија и да ги избегнуваме тие  партиски епитети на универзитети, затоа што како што реков тоа е најлошо што може на универзитетот да му биде ставено во служба.

Господинот Дика, кажа дека не сум бил во Универзитетот во Југоисточна Европа. Јас бев тогаш кога ме покани. Првиот пат кога ме поканија го посетив универзитетот.

Уште една работа која што сигурно дека се наметнува како, уште еднаш да се објасни во врска со финансирањето, затоа што тоа сите го спомнуваат.

Господа пратеници, и во Законот постои, а и во Буџетот ќе биде. Точно е тоа дека со овие буџетски средства е предвидена да се финансира наставата и тековното одржување. Со тоа не е апсолвирано се што треба да се направи во тој Универзитет. Али ние пред да влезиме во тој универзитет, треба да ги видиме сегашните можности, просторни и други, ние ги имаме, затоа што во проектот знаеме колку се исполнуваат. Али ние затоа овој процес и во процес и во духот на

Охридскиот договор, од смисла дека све што оди во насока на надминување на постојните проблеми, кои што произлегуваат од различни аспекти, меѓународната заедница сигурно ќе ни биде...затоа имаше донаторска конференција, затоа имаме меѓународни пријатели кои им помагаат на Скопскиот универзитет и на Битолскиот универзитет, и на Универзитетот во Југоисточна Европа, а и овде. Така да средствата предвидени тука во Буџетот за оваа намена се исти и во ист принцип како што ги планираме и за другите високообразовни институции. Дали ќе треба повеќе простор, помалку простор, тоа ќе се види од процесот на верификација на постојните студиски програми со потребите кои што произлегуваат од мотивите и стандардите кои што госпоѓа Борозан ги спомна.

Затоа, со ова сакам да кажам дека во Буџетот се предвидени средства за оваа намена, не се во ставката кои што се за високо образование, али тоа јас знам, дека некој кога би биле во ставката ќе речеа дека е зашто се во ставката не ќе можеме да ги контролираме, кога се надвор од ставката, е зашто се надвор од ставката. Мислам дека тоа е политички пристап кој што може да се коментира било како. Во суштина ние сме обезбедиле средства да тој универзитет како државен биде алиментиран толку колку што се можностите на оваа држава и како што и е пристап и на другите универзитети. И Скопскиот универзитет и Битолскиот ние не го финансираме целосно. Ќе имаме ист пристап како и за другите. Го имаме Советот за високот образование, кој што совет ќе има и член од тој универзитет како што ги има и од другите и таму врз еднакви принципи ќе се овозможи алиментирање како што ни е можноста на оваа држава. И од аспект на Штуловиот универзитет, како тенденција да се запостави или да се заборави. Не е точно. И во сегашниот закон, али во одредбите на Советот за високо образование, за финансирање, значи и развој на високо образовние, предвидена е одредбата дека и во приватните високообразовни институции може државата да го покаже својот јавен интерес, преку кој се реализираат, значи одредени студиски програми и ние сигурно во склоп на нашата политика и тоа ќе го имаме предвид и го имаме во предвид. Али нормално дека овој приоритет кој што произлегува од потребата која што беше истакната и досега мислам дека заедно ќе се обидеме тоа да го направиме на начин на кој што мислам дека ќе биде на задоволство и на тој Универзитет, а и на другите.

И друга работа. Ништо од тоа што е предвидено за основање на овој универзитет, не оди на штета на постојните универзитети. Постојните универзитети и “Св.Кирил и Методиј” во Скопје, и “Св.Климент Охридски” во Битола, не се, и не смеат да бидат оштетени од фактот дека се отвара уште еден друг универзитет на

албански јазик или на другите заедници или на било која солуција, затоа што тоа навистина би го оштетило и онака буџетот на овие институции кои што се знае дека во една земја на транзиција секогаш ги има.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам. Ќе можете утре да се дообјасните.

Сега е точно 18,00 часот. Известен сум од Владата дека утре ќе бараат итна седница.

Утре во 11,00 часот, ќе закажам итна седница,а по таа седница ќе продолжиме со оваа седница.

Воедно ве известувам дека утре ќе дадам предлог да се гласа, да се работи додека не се заврши дневниот ред.

Ве молам пратеничките групи да утврдат став, кога ќе го ставам тој предлог на гласање.

Благодарам.

(Седницата прекина со работа 18,00 часот).